Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Филолошки факултет „Блаже Конески“**

# Цветни сказни

**приредила**
**Валентина Милошевиќ-Симоновска**



**Скопје, 2014**

**Издавач:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје

**За издавачот**:
д-р Славица Велева, декан

**Приредила:**
Валентина Милошевиќ-Симоновска

**Лектура на текстовите:**
Славица Велева

**Техничка обработка на текстовите:**
Андријана Русеска

**Цртеж на корицата:**
Матео Симоновски (6 год.)

**Финансирано од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рамките на проектот *Преведувањето и наставата по италијански како странски јазик* (2014)**

**Раководител на проектот:**
Руска Ивановска-Наскова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.131.1-93-343.4

ЦВЕТНИ сказни [Електронски извор] / [приредила Валентина Милошевиќ Симоновска]. - Скопје : Филолошки факултет "Блаже Конески", 2014. - 1 оптички диск (ЦД-РОМ) ; 12 см

Текст во PDF формат, содржи 78 стр. - Публикацијата е во рамките на проектот "Преведувањето и наставата по италијански јазик како странски јазик". - Вовед / Валентина Милошевиќ Симоновска: стр. 3-4

ISBN 978-608-234-030-2

COBISS.MK-ID 97180938

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **Вовед** | **3** |
| **Време за спиење** | **5** |
| **Жуки** | **8** |
| **Мајска роза** | **12** |
| **Маргаритки** | **16** |
| **Момини солзи** | **21** |
| **Лалиња** | **23** |
| **Средба со Булката** | **28** |
| **Булки** | **29** |
| **Раскажува ѕвездата Деница** | **33** |
| **Генцијани** | **34** |
| **Враќањето на виленикот Детелинко** | **40** |
| **Алпски ѕвезди** | **41** |
| **Сончогледи** | **43** |
| **Не заборавај ме** | **47** |
| **Мразовци** | **51** |
| **Анемони** | **64** |
| **Приказните на есенското облаче** | **70** |
| **Циклами** | **71** |
| **Приказни за покрај огниште** | **75** |
| **Мимози** | **76** |

# *Вовед*

Оваа збирка приказни насловена *Цветни сказни* е плод на повеќенеделната активност на преведувачката работилница организирана во рамките на проектот *Преведувањето и наставата по италијански јазик како странски јазик,* раководен од доцент д-р Руска Ивановска-Наскова, а под покровителство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во работилницата учествуваа студентите од Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје, од прва година: Емилија Петреска, Слаѓана Јовчевска, Теодора Јосифовска, Павлина Стефанова, Александра Цветаноска, Луиза Мирчевска, Ангела Темелковска, Мартина Мијоска, Ангела Вељковска, Тања Бошкова, Катерина Кечуловска и Наде Терзиева, како и студентите од втора година: Ана Данаиловска, Андријана Русеска, Татјана Стојановска, Ана Марија Андреевска, Сања Арсовска, Софија Иванова, Моника Маринковска, Симона Вучковска, Сара Китаноска, Наташа Пешликовска, Јована Каневческа и Ивана Петровска, под менторство на Валентина Милошевиќ-Симоновска.

За восхит и за почит се ентузијазмот и енергијата со кои овие студенти се фатија во костец со еден така сериозен предизвик како што е преведувањето, особено ако се има предвид фактот дека во моментот на изготвувањето на преводите тие беа во рана фаза од процесот на изучувањето и совладувањето на италијанскиот јазик.

Ниту бројните консултации и корекции не ги обесхрабрија и не ги поколебаа во нивната решеност да им вдахнат живот на бројните цвеќиња, на сонцето, на месечината, на ѕвездите, на боговите, на самовилите, на вилениците...

Силни емоции ги натопуваат страниците на овие волшебни сказни кои со сигурност нема да ги остават рамнодушни најмладите читатели, ќе ги растреперат нивните срциња, ќе ја разгалат нивната душа и ќе ја разгорат нивната фантазија.

И за крај, би сакала од сè срце, во свое име како и во името на сите членови на Катедрата за италијански јазик и книжевност, да им честитам и да им се заблагодарам на студентите за извонредната соработка и посветеност, но во исто време да им се извинам и на сите оние студенти кои изразија искрена желба да земат учество во преведувачката работилница, а не добија можност за тоа поради ограничениот број текстови.

Длабоко се надевам дека проектите како овој ќе станат традиција и дека студентите - протагонисти ќе добијат можност да се калат во доменот на оваа толку интригантна и неодоливо привлечна професија.

*Валентина Милошевиќ-Симоновска*

# *Време за спиење*

Деца, колку се убави првите вечерни часови и колку спокој му даваат на срцето! Небото се прелева од темноцрвена во виолетова боја и тогаш бледа и нежна светнува ѕвездата Деница, која се чини ни ги најавува најпријатните нешта. Штурците пеат, пеат во полињата над кои полека се спушта темнината, додека во куќите се палат светлата за да ја осветлат трпезата. Ги оставате игрите и книгите, седнувате на маса, смирени, покрај вашите родители и добивате силно чувство на сигурност и топлина.

Зарем не е прекрасно да си во кругот на семејството, додека надвор темнината станува сѐ погуста и едно лесно ветре ги разигрува лисјата во потполна тишина.

Вечерата е готова, а вашите главчиња, дечиња, се нишаат за спиење и покрај желбата да ја дослушате приказната што мама ви ја раскажува. Но полека реалноста преминува во сон, самовилите ви се насмевнуваат, вилениците ви зборуваат, а очињата ви се затворени и кадриците ви се распослани на перницата. Ноќта не е повеќе темна. Сина светлина на небото, менување на сенки и еден месечев зрак, кој во еден миг ѕирнува низ подотворениот прозорец!

Ѕвонливо гласче ви пее приспивна песничка. Колку ли добра пријателка е Месечината.

Понекогаш, кога сака да ги развесели своите миленичиња, во пријатните ноќи испраќа сребрени виленици, кои јаваат на нејзините зраци или воздушести самовилички на бело облаче... Скокаат нежно малечките јунаци на детските креветчиња забавувајќи се, влечејќи ги малку за коса, скокоткајќи ги по обравчињата, засмејувајќи ги во сон. А потоа, со гласче налик на звук што излегува од харфа, раскажуваат мили приказни.

Незабележливо се претвораат во гласници на поетите и на перниците покрај вашите главчиња оставаат проѕирни листови испишани со месечево мастило. Ние не пишуваме ништо. Тоа е дело на самовилите, на вилениците, на ѕвездичките, на тревките, на светулките, кои работат за нас во текот на ноќта.

Значи, поголемиот дел од приказните што ќе ви ги раскажам во оваа книга ги напиша виленикот Детелинко чие убаво име радосно одѕвонува. Ги напиша со мастилото за кое ви зборував, а им ги раскажуваше на двете дечиња, Лило и Мирела, миленичиња на самовилите. Во една друга книга ви раскажав многу нивни авантури и ви ја опишав нивната средба со виленикот Детелинко, испратен од кралицата Зора за да им помогне кога самовилата Цреѓка се најде во опасност, а нашите пријателчиња се обидуваа да ја спасат. Облечен во зелено, со помош на месечевиот зрак слезе долу, каде што беше празнично пречекан.

Сега Лило и Мирела не се повеќе надвор за да им помагаат на самовилите, време е за одмор и си седат со мамичка во нивната куќарка. И така, една вечер, на полна месечина, додека минуваа низ полјаната имаа среќа да забележат во тревата една детелинка со четири листа.

Мирела ја скина, и... кој излезе оттаму?... Досетливиот виленик, нивниот стар пријател!

Извици од среќа, гушкања! Потоа смирено седнаа пред куќичката и Детелинко ѝ се восхитуваше на малечката градина.

-Бидејќи толку многу ви се допаѓаат цвеќињата, - извика тој – ќе ви раскажам неколку приказни за нив.

-Ох, колку убава идеја! Благодариме, драго пријателче! Ќе може да ги слуша и Чкртко?

- Вашиот убав мачор? Се разбира!

- И неговиот пријател Праменко? Одличен новинар е. Ќе ги објави приказните.

- Мачор, а новинар? Совршено.

- Да го поканиме и витезот Врапче?

-Секако! И него. Се сеќавам дека самовилата Чучулига го одликува за „витез на воздухот“.

-Имаме и едно многу духовито папагалче.

-Значи, ќе се забавува и ќе им ги раскаже приказните на своите пријателчиња.

-Колку приказни ќе ни раскажеш, Детелинко?

-Премногу прашања, дечиња мои! Не знам сè уште. Некои ќе ви ги раскажам јас, а други можеби ќе ви ги раскажат самите цвеќиња, потоа милата ѕвезда Деница или пак некој мој колега.

Целата дружина, дечињата, мачорот, врапчето и папагалчето седнаа околу веселиот виленик. Тој раскажуваше и во исто време запишуваше со сребрена прав.

И сега сигурно ќе се прашате како успеав да ги обезбедам овие скапоцени белешки.

Тајна на поетите!... Можеби сум пријателка на ѕвездата Деница, на некој месечев зрак или можеби, на Чкртко и Праменко, на убавите мачори, кои скитаат во месечевите вечери.

Каде ли ги најдов тие лисја испишани со сребрена прашина, во тревата на едно летно зајдисонце, или можеби, во морските пештери, помеѓу алгите и гребените? Или пак, беа скриени во грмушката од рози?...
Или на некој снежен планински врв?... Ме водеа ѕвездите пеејќи ми детски песнички. Лисјата беа расфрлани, дел таму горе, меѓу планинските ѕвезди и генцијаните, дел долу во морската пена каде што се огледува Големата мечка, а дел пак, на падините на еден вулкан, среде златестите цвеќиња.

Сјаеја цвеќињата, си зборуваа сами, а светулките ми светеа таму каде што не допираа ѕвездите, додека штурчињата пееја силно за да ми прават друштво.

Талкав по сокачињата ширум светот за да ги најдам, да ги приберам и да ја составам збирката приказни на Детелинко. И така со години. Од зацрвенетите Доломити до прекрасниот залив во Неапол, од темните и таинствени шуми до патеките послани со жуки, од златестите есенски гори до црвените полјани со булки, од стрмните врвови до мирните расцутени градини. И сега кога ги собрав сите, ве поканувам да ме следите низ овој поетичен свет полн со добрина.

## *Жуки*

Во една божествено убава земја, богата со лозја и со борови, намирисана со цвеќиња, се издигнуваше една висока и величествена планина крунисана со оган. Сините бранови ја заплиснуваа таа земја и ѝ шепотеа смирувачки зборови. Во таа весела и прекрасна природа морските нимфи им се насмевнуваа на шумските и на планинските, кои плетеа танци. Ним им се придружуваа малите самовили од градините, кои пееја со нежни гласови. Од височините на планината се слушаа планинските божества и еден прекрасен хор ја исполнуваше природата.

Понекогаш се случуваше вулканот да се разбуди, испуштајќи силни татнежи. Тогаш се гледаа пламени јазици што брзо се движеа во сенките на ноќта.

Но во тие чудесни времиња никој не се плашеше од ерупциите. Таму немаше села, немаше ниту куќи. Единствено мистичните суштества се вееја меѓу боровите шуми и морето и не се плашеа од ништо.

Во една од тие градини, кои благо се спуштаа од ридовите до плажата, цутеше цветот на грациозноста, малечката самовила Лиу. Бистрите очи на девојчето го имаа тиркизниот одблесок на брановите, нејзините нежни образи мирисаа на цвеќиња, нејзиното тело ги имаше виткоста и еластичноста на млад бор. Небесното суштество живееше од мирис и од амброзија, обожуваше да биде опкружена со цвеќиња и им упатуваше слатки стихови на цветните венчиња што толку ги сакаше. Често со своите другарки, со кои ја поврзуваше нежност и длабока доверба, одеа на планината и заедно се качуваа по патеките, без воопшто да се плашат од помислата дека наеднаш би можеле да се стркалаат вжештени вулкански каменчиња. Единствено ги растажуваше глетката на изгорената земја, каде што ниту едно цвеќе не можеше да расцути.

- Сестрички, би сакале ли да ги поканиме нашите пријатели од планината на една пролетна забава? – предложи една вечер Лиу, којашто беше полна со интересни идеи.

- Ќе ги развеселиме со мирисот и со живописните бои на нашите убави цвеќиња.

На тој предлог му се израдуваа Јаготка, Светулка, Ирис и другите грациозни самовили и сите се фатија за работа за да подготват еден весел бал.

- Јас ќе ги отсвирам најслатките ноти – рече Црцорко, неодоливиот славеј. А пак Светле, постарата сестра на Лиу, им подари на сите облека исткаена од сребро.

Една априлска вечер, веднаш штом првата глицинија го разлеа својот мирис низ воздухот, сите сеништа, самовили и нимфи се собраа на килимите од мов и ги започнаа нивните танци, пиеја роса од зелените чашки на цвеќињата и вкусуваа миризливи и лесни јадења.

Се танцуваше на пролетната полна месечина, а Лиу беше поубава од кога и да е во нејзиниот блескав фустан, со мека коса накитена со розички и се лелееше меѓу грмушките како пеперутка. Тогаш еден млад бог на планината, додека танцуваше со малечката самовила, беше обземен од силната љубов кон неа. Лиу беше нежна како крин, слатка како пролетен сон, а младиот бог беше убав и црномурест, моќен и благороден и во црните очи и во душата го носеше жешкиот оган од вулканот од каде што доаѓаше. Во таа априлска ноќ сите ја одобруваа неговата љубов кон Лиу и пееја поздравни песни за скорешната свадба. Единствено самовилите од градините плачеа тивко, тажни што нивната сестричка ќе ги напушти за да оди на планината, во домот на свршеникот.

* * *

Лесно и брзо поминуваа деновите, а по миризливата пролет следеше вжештеното лето. Божествата од планините празнично го очекуваа нежното суштество што ќе внесе нова нежност и чувства во нивниот осамен живот.

Една јулска вечер, Лиу насмеана се качуваше по изгорените падини и додека сите се радуваа , вулканот се закитуваше со оган за да ѝ оддаде почест. Богот на планината ја даруваше со најубавите дарови, нимфите со почит ѝ се поклонуваа, па дури и ѕвездите од небото се чинеше како да блескаат од радост.

Но, за жал, следеа тажни денови...

Малечката самовила, родена во чашката на една бела водна лилија, воспитувана и порасната од цвеќињата, набрзо сфати дека не може да ја поднесе оддалеченоста од нив и побара од сопругот да ѝ ги донесе.

- Овде не растат ни цвеќиња, ни овошки, малечка Лиу. Што и да посакаш друго, ќе ти биде исполнето, но не барај го ова.

А Лиу, која на главата ги носеше веќе овенатите венчиња што ѝ ги сплетоа нејзините грижливи пријателки, повеќе не ги вдишуваше пријатните мириси, ги немаше повеќе цветните крунички во кои си го одмараше погледот. Залудно во карпестата земја беа садени најретките цвеќиња. Ниту едно цвеќе не се раѓаше. Напразно малите виленици трчаа наоколу за да наберат букети од маргаритки и рози бидејќи кога се враќаа во домот на нивниот господар, свежите венчиња веќе беа овенати.

Тоа ѝ се случуваше и на младата Лиу. И таа, нежното цветно венче, пропаѓаше. Па, така, беше неопходно да се врати во нејзината родна градина, меѓу самовилите и убавите цвеќиња.

А благородниот бог, со срце пламено како неговиот вулкан, испушти крици од болка што дивјачки одекнуваа низ тишината на планините. Трогнати, нимфите клекнаа, барајќи од небото да се случи чудо и ја молеа и земјата да подари барем едно цветно венче.

Младиот бог беше добар и дарежлив и неговата болка ги трогна сите. А една септемвриска ноќ се случи чудо...

Сувата неплодна земја почувствува дека од нејзината утроба еден цвет може да расцути, а сонцето го испрати сето свое злато за да го обои тоа осамено цвеќе.

На изгрејсонце, неплодната планина на која не виреeше ништо, беше проткаена со прекрасни цветни венчиња, кои ѕиркаа меѓу вулканските каменчиња и пепелта.

Нимфите и вилениците треперea од радост поради чудото, а богот на планината, блескајќи, истрча кај самовилата на градината носејќи ѝ голем позлатен дар.

-Ова се цвеќиња од мојата земја, расцутени во една септемвриска ноќ од љубов кон малечката Лиу. Ќе ѝ се допаднат ли?... Ќе ѝ бидат ли убави?

Миризливите жуки повторно расцутеа и напролет, а оттогаш ѝ се враќаа секоја година на безживотната планина. И по многу векови, станаа инспирација за прекрасните стихови на еден поет, стихови кои и вие, дечиња, ќе ги читате и ќе им се восхитувате.

И сѐ уште цветаат, напролет и наесен, долж падините на вулканот, кој од

височина се огледува во тиркизното Тиренско Море и величествено се надвиснува над  најубавиот залив во светот.

## *Мајска роза*

Розелина не беше како сите други девојчиња. Често беше задлабочена во своите мисли, не се грижеше за заедничките игри со нејзините врснички, туку воздивнуваше, гледаше во далечината и слушајќи го пеењето на птиците, велеше:

- Тажна сум...

- Тажна...Но, зошто?...

Розелина беше мала принцеза. Живееше во еден мермерен дворец, целиот опкружен со градини, со тато-крал и мама-кралица и толпа дворјани и дворјанки. Беше нежна и добра, но тажна. Не ги сакаше убавите фустани и игрите, не го посакуваше друштвото на веселите дечиња кои ја опкружуваа. Сакаше да се шета сама во природата и да размислува. Но честопати наеднаш ќе заплачеше и ќе се вратеше дома вознемирена.

И нејзините родители се растажуваа.

-Тажна си, Розелина? Но, зошто?

-Не знам. – и воздивнуваше гледајќи во далечината.

На едно пролетно зајдисонце, таа седеше на една ливада. Воздухот мирисаше на вербена, а оддалеку се слушаше биењето на некоја камбана.

И тогаш, се појави – од каде ли изникна? – еден палавко со разбушавени кадрици, со очи од кои искреше радост. Носеше шарена облека, беше бос, распеан и ведар.

Дојде до Розелина и ја фати за рака, насмевнувајќи ѝ се:

-Сакаш да си играш со мене?

-Не те познавам, момче. Како се викаш?

-А што е важно?

Се смееше и тивко шепотеше:

-Јас ќе ти покажам каде се наоѓаат најсвежите капини и како се бојадисуваат црешите, како им се дарува мирисот на момините солзи и белината на кринот.

-Колку работи знаеш!

Момчето ѝ покажа една палета со бои :

- Гледаш? Темноцрвена за црешите, сина за модрецот, златна за жуката.

- Ама, ти да не си сликар?

- Можеби. – Убавото момче се смееше со ѕвонлив глас. Потоа лесно истрча и исчезна меѓу грмушките.

Розелина како да се навреди малку. Зошто избега? Се врати дома замислена.

Зборовите на тој палавко ѝ оддекнуваа во главата и таа почувствува силна желба повторно да го види малото непознато момче.

Следниот ден кој се капеше во топлите сончеви зраци, Розелина се упати кон ливадите. И тогаш пред неа скокна прекрасното момче.

- Сакаш да ми бидеш другарче?

- Со задоволство.

И девојчето истрча меѓу грмушките и капините, си ги натопи нежните стапала во потокот и се смееше како што никогаш не се смеела. Колку добро другарче! Колку поинакво од учтивите дворјани кои ѝ се поклонуваа!.. А колку работи знаеше! Многу повеќе од она што го знаеше брадестиот учител, грофот од Црносело, строгата воспитувачка и маркизата од Топлавода. Тоа момче ги познаваше тајните на природата, името на секоја пеперутка и на секој цвет и, чудна работа, со него пеперутките и цвеќињата зборуваа. Тенки, пријатни гласчиња, кои Розелина никогаш порано не ги чула, сега ѝ одѕвонуваа наоколу. А момченцето ѝ ги преведуваше тие слатки зборови, ѝ раскажуваше фантастични приказни, водејќи ја со себе низ ливадите.

Колку беше убав светот во тие божествени пролетни денови! Розелина беше надвор од зори до зајдисонце, а се враќаше блескајќи од радост. Таткото крал и мајката кралица беа среќни што таа конечно имаше доверлив пријател и велеа:

- Розелина е среќна.

Едно зајдисонце, планините речиси се претопуваа во заталканите црвени облаци, а нежниот мирис на расцутените праски и сливи трепереше на ветрот. И тогаш дојде кај Розелина, исправен како млада топола, пријателот во чии сјајни очи се беше впил одблесокот од сјајните цреши.

- Дојдов да те поздравам, принцезичке.

- Да ме поздравиш!..Зошто?

- Си одам вечерва и ќе се вратам за една година.

Убавото лице на девојчето потемне од тага.

- Не оди си, те молам!

Тогаш момчето клекна на тревата и тивко ѝ рече:

- Сакаш да знаеш како се викам? Јас сум Мај.

- Ох, Мај! Требаше да сфатам!

- Ако ти си принцезичка и јас сум кралче. Моето кралство е полно со сонце, со гнезда, со поезија. Розелина, јас те запознав со него, јас ти подарив радост.

-Така е. И сега ме оставаш, лошко!

Девојчето заплака, но кога ја крена главата, момчето со сините очи исчезна. Вечерта се спушти во долината и сè беше тивко и тажно.

Розелина стана повторно тажна, сакаше да биде сама и одвреме-навреме мрмореше:

-Чувствувам тага. Тага... Но, зошто?

Помина една година. Розелина порасна и се разубави. Нејзините крупни очи станаа посјајни, а образите порозови. И едно бисерно утро, повторно се појави нејзиниот пријател.

-Ох, Мај!

-Ох, Розелина!

И се растрчаа заедно меѓу расцутените багреми.

И така секоја година. Понекогаш во светлата зора, понекогаш на зажареното зајдисонце, принцезата се среќаваше со пријателот кој ѝ ги откри поезијата и убавината.

Таа е веќе млада девојка, девојка со мечтателен поглед, со пријатен карактер. Заминувањата на Мај ја растажуваа уште повеќе.

Таа пее, но и пишува. Тоа се песни кои се раѓаат од нејзиното срце!

Меланхолична, носталгична поезија. Розелина сонува за еден нов живот, потполно различен од оној на другите девојки. Таа не им обрнува внимание на младите момчиња, кои ја молат за љубов и ја бараат нејзината рака.

- Што ќе правиш, Розелина?

- Не знам. Не сакам да живеам како што живеат другите.

Не посакува да се омажи и да има деца. Ниту сега кога е млада девојка,

не сака да оди на забави,  да носи убави фустани. Се чувствува како да е повикана во еден волшебен свет, оној кој го опејува во својата поезија. Тажна е... Но, зошто?

Враќањето на Мај ѝ носи радости, еден неопислив копнеж, едно ново преслатко чувство.

- Не оставај ме никогаш повеќе!

А тој ѝ шепнува:

- Сакаш ли да бидеш моја невеста?

- Ох, Мај!...Колку би сакала! Но, за жал, јас не сум бесмртна!

- А би сакала ли да бидеш? Нема да страдаш, нема да мечтаеш по толку далечни нешта, нема повеќе да бидеш тажна. Ох, Розелина, ќе се сплотиш со природата што ја љубиш и ќе бидеш најубавиот симбол на месецот мај. Девојката занесно слушаше, а јасните очи одобруваа.

- Прифаќаш, Розелина?

- Прифаќам, Мај.

Момчето со руси кадри, насмевнувајќи се  ја бакна во розовите усни, а таа  исчезна. Но наоколу се рашири еден сладок мирис. Едно ново, прекрасно цвеќе расцуте во градината, а  неговите ливчиња ја имаа нежната боја на лицето на Розелина.

Тоа беше Мајската роза.

# *Маргаритки*

Си беа еднаш едно братче и една сестричка, кои се викаа Дучо и Ориета. Беа останати сами во нивната куќичка по смртта на родителите и беа тажни и жедни за љубов.

Навечер кога се спуштаа сенките, тие се плашеа многу. Нивното огниште беше згаснато, ја немаше нивната нежна мајка да ги милува нивните кадрави коси, ниту да ја запали ламбата, ниту пак ја подготви вечерата.

Кутрите сирачиња!... Бараа милост од некоја сосетка, која ги посетуваше накусо, сожалива, а потоа си одеше, оставајќи ги повторно сами.

- Никој не нè сака, никој не ни прави друштво! – воздивнуваше Ориета.

- Ах, кога би се вратила мама! – извикуваше Дучо дувајќи во ладните раце за да ги затопли.

Еден ден ја напуштија нивната трошна куќичка и одлучијада одат низ светот во потрага по светлина.

- Ја сонував мама – рече Ориета. Ми велеше: „Помогни му на Дучо и одете заедно низ светот, сè додека не најдете милостиви луѓе со срце за кутрите сираци".

Одеа долго и преминуваа долини, шуми, прегазуваа брзи потоци. Пристигнаа конечно до една величенствена палата со затворени порти. Се гледаше како низ прозорците продира силна светлина, па тогаш дечињата собраа храброст и затропаа на огромната порта.

Еден слуга дојде да отвори.

- Кој е ?

- Ние сме кутри сирачиња кои бараат малку љубов.

- Сакате да се шегувате со мене? – и слугата повика еден див волчјак за да ги избрка дечињата.

Исплашени и растажени си продолжија по нивниот пат. Кога не можеа да издржат повеќе од умор, а пред сè од стравот од темнината затропаа на оградата

од еден имот. Овојпат се појави една дебела газдарица и децата малку охрабрени ѝ рекоа:

- Бараме милозливи луѓе со љубов за сираците.

На тие зборови жената зачудено извика:

- Но тогаш одете во сиропиталиште!... Жал ми е деца. Ова е приватен имот. Но сакам да ви дадам малку вечера, бидејќи ми изгледате уморни и прегладнети.

Им даде леб и месо и потоа љубезно ги испрати.

Останаа повторно сами во ноќта и порастажени од кога и да е. Продолжија без зборување и тогаш на една ширинка видоа една куќичка со отворени врати, а внатре здогледаа едно мало огниште во кое гореше убав оган. Изгледаше привлечено и гостопримливо. Двете дечиња, полни со надеж го преминаа прагот. Немаше никој. Но трпезата беше полна и тие јадеа топла чорба, потоа уживаа покрај огнот и на крај заспаа на две убави креветчиња што се чинеа подготвени за нив.

- Утредента една мистериозна рака ги среди нивните коси и облеката, подготви појадок, ја намести убавата куќа. А вечерта, истата рака го запали огнот, кој ги издрадува со своето пукање и топлина.

- Овде ни е навистина добро, сестричке! Мораме да останеме – рече Дучо.

Всушност поминаа неколку спокојни денови. Се чувстуваа згрижени и заштитени иако не гледаа никого. А тој убав запален камин им даваше чувство на семејна топлина.

Но осаменоста продолжуваше и децата повторно се чувствуваа тажни. Не се осмелуваа да го кажат тоа, дури се обидуваа да се развеселат велејќи:

- Личиме на богати деца! Имаме сè. Јадеме добра и здрава храна како што ни ја подготвуваше мама и повторно закрепнавме, не трпиме повеќе студ и живееме во една навистина убава куќа.

Ориета со задоволство ги средуваше двете соби, ги негуваше цвеќињата на прозорецот, последните, бидејќи зимата стануваше сè постудена, а потоа двајцата се прибраа во малата добро снабдена библиотека каде што учеа и се образуваа.Сепак, секој ден стануваа сè потажни.

Една вечер Дучо ги искажа своите чувства и оние на сестричката:

- Баравме малку љубов, не богатство!

Ориета се замисли на тие зборови, но ноќта ја сонуваше повторно мајка ѝ која ѝ велеше:

- Јас ве одведов каде што има благосостојба, направете и други да уживаат. Што ќе посеете тоа и ќе жнеете.

Само овие зборови ги изговори мајката, а дечињата размислуваа за нив долго во следните денови.

Една вечер играјќи околу куќичката беа привлечени од една детска песна. Многу се изненадија! Кој ли е пее во темнината, додека дува ладниот ветер?

На голата и пожолтена ливада, меѓу исушените грмушки, видоа мали грациозни девојчиња облечени во бели фустанчиња, кои играа оро пеејќи песнички. Нашите дечиња останаа со големо внимание да им се восхитуваат. Што правеа таму тие девојчиња? Зошто беа надвор од дома во доцните часови, во едно сурово годишно време?

Кога орото заврши, девојчињата им се насмевнаа на нашите пријателчиња и им се приближија. Ги ставија ладните рачиња врз оние на Дучо и Ориета.

-Зошто сте надвор навечер? – праша Ориета поставувајќи се малку заштитнички кон девојчињата помали од неа.

-Каде е вашата мајка? Тие ја протресоа главата:

-Не знаеме. Избегавме во потрага по добри дечиња со кои ќе се дружиме. За да се затоплиме и за да се развеселиме, го сплетовме нашиот мал вообичаен танц.

-Дојдете со нас! – рече Дучо со неочекувано енергичен глас на мал маж. Подајте ни рака на двајца!

Така братчето и сестричката се вратија дома водејќи ја целата група од мали девојчиња. Ги сместија блиску до огништето, ја поделија со нив вечерата, која беше дури пообилна и повкусна од вообичаено. Потоа ги поставија креветчињата за нив и ги легнаа да спијат. Ориета ги гледаше нежно и му велеше на братот:

-Имам желба да им ја испеам приспивната песна што ни ја пееше мама кога бевме мали.

-Ќе ги заштитиме! – рече гордо момчето.

Од таа вечер животот во малата куќа беше многу разигран. Сега навистина немаа зошто да бидат тажни!...Сите деца заедно играа, се смееја. Се сакаа многу, а двете сирачиња примија многу љубов и милувања од нивните мали добродетелки и немаа воопшто време да мислат на себе.

Дучо одеше на работа и покрај тоа што во куќата имаше сè, не беше лошо да се заработува нешто бидејќи семејството беше бројно.

Ориета ги подучуваше да читаат и да пишуваат девојчињата, кои беа многу умни за нивната мала возраст и водеа прекрасни разговори. Често тие ги тешеа нашите дечиња кога ќе се почувствуваа обесхрабрени и им велеа покажувајќи им една ѕвездичка:

- Гледате ли?.. Таму е вашата мајка која ве гледаи чува! Ѕвездичката е едно сјајно срце што чука за вас!

- Толку долго баравме малку топлина! – извикаа дечињата. - А вие ни ја најдовте повторно онаа на мама!

- Тука е  и нашата! – велеа дечињата. – Нашите срценца чукаат за вас!

Настапи пролетта, куќичката се исполни со сонце и се развесели со пеењето на ластовиците, кои направија гнездо врз покривот. Малите девојчиња сè уште ги носеа нивните бели фустанчиња, кои никогаш не се валкаа.

-Чудесно! – забележа Ориета.

А тие, насмевнувајќи се, одговараа:

- Допрва ќе видиш чуда!

Потоа, со пролетта, малите девојчиња во бели фустанчиња станаа уште пограциозни и помили, а фустанчињата изгледаа уште попроѕирни и полесни. Напати се обвиваа околу нив како мали, бели  облачиња.

Една вечер Дучо и Ориета видоа во мракот како блескаат многу златни срценца. Тоа беа срцата на девојчињата кои светкаа како скапоцени камења.

-Што се случи? - прашаа вчудоневидени.

-Нашите срценца,  кои ви дадоа толку многу топлина и толку љубов, сега се  пред вас! Знаете ли кои сме ние! Ѕвездички слезени од небото од љубов кон дечињата сирачиња!...Во есен и зима имаме човечки лик, но сега кога пристигна пролетта, ние ги разубавуваме вашите ливади, а нашите срца продолжуваат да сјаат и да ве сакаат! Во октомври повторно ќе бидеме ваши сестрички.

Изговарајќи ги овие зборови, девојченцата исчезнаа, а на ливадата пред куќичката заблеснаа бели маргаритки со златни тркалца.

- И натаму ќе нѐ сакате? – викна со восхит Ориета, набра еден цвет и кинејќи го ливче по ливче прашуваше : - Ме сака?... Не ме сака?

И на крај се насмевна успокоена од потврдниот одговор.

Оттогаш маргаритката има една благородна должност да одговара на прашањето кое ѝ го упатуваат оние кои копнеат по љубов.

А нејзиното срценце блеска како едно мало сонце.

## *Момини солзи*

Се случи еднаш во една мошне далечна благословена пролет, најубавата што небото ни ја беше подарило.

Небото беше обоено во нежно синило, а сонцето сјаеше со неверојатна благост.

- Што има ново? – прошепотеа меѓу себе првите ластовички кои  го почувствуваа милувањето на сонцето во воздухот.

- Има нешто ново? - праша зеленото маслиново дрво несвесно за она што се навестуваше.

- Има една птица која лета на небото, и тоа голема, - промрморе црвеношијката. Толку се разликува од нас.

- Не е птица. Бело е и големо.

- Тогаш е ангел!... -извика хорот од билки, трски, мали птички, пеперутки.

Ангелот со руси коси и сјајно лице  долета со своите крилја и се чинеше дека носи важна, радосна вест.

Воздухот стануваше посин и попроѕирен при неговото пролетување, крошните на дрвјата се веднеа од почит, а планините весело шумеа.

Помина молчеливиот и насмеан ангел и стаса во Галилеја, се запре пред домот на една девица и ја поздрави : „Здраво Марија“.

Тоа беше Избраничката, онаа којашто требаше да стане мајка на Спасителот, а Божјиот гласник дојде да ѝ  ја донесе радосната вест.

Марија, понизно и на коленици  ја прими веста, а околу неа одекна тивко, но растреперен од емоции, хорот на Небесата. Езерата, поточињата, шумите, ливадите/ растреперени од убавина и благост го угостија Светиот Дух.

А блескавиот ангел понесен од големата радост  се упати кон небото мавтајќи со своите беспрекорно бели крилја.

Тогаш неколку малечки пердувчиња се откачија од крилјата и паднаа како благослов врз крошните на дрвјата. А ветрот пак, посветено, ги крена, ги

нишна и ги посеа низ шумите. И секоја грмушка се подаде да ги прими, да го зароби во себе божјиот дар.

Расцуте шумата, расцуте брегот на поточето, расцуте долината. Мирисната белина на крилјата на Ангелот одблеснуваше од малечките цветчиња обесени на тенки стебленца, нежни како свила.

- Колку сте убави! Како блескате!- извика веселото поточе.

- Горди сме што сте меѓу нас! - прошепоте тревичката.

- Вие сте цветови на Ангелот! Сите мораме да им се поклониме и да исчезнеме! - промрморе понизно синоличката и си го сокри цветот.

А бадемовите дрвја пак, немо прецутеа, за да ја остават сама момината солза.

Тоа беше цвеќето на април, најубавиот месец. Но подоцна беше сведок на Господовите страдања и патеше неизмерно тоа бело цветче, кое во еден весел миг падна од ангелските крилја.

Дојде Големиот ден на Воскресението. И со години потоа се нижеа величествени Велигдени. Беспрекорно белите цветови налик на мали ѕвончиња биеја празнично. Тивок ѕвон кој го слушаше само оној кој умееше да го разбере...

Нежни и милозливи момини солзи, бисери на долината, за нас вие сте благослов, гласници на радост и мир!

## *Лалиња*

Кломпички!... Каква бучава!... Насмеани куќички со долги блескави прозорци, русокоси девојки со шапкички!... Еве нè во Холандија, зелената земја на ветерните мелници. Каква ли убавина: прозорци украсени со црвени и жолти венчиња. Тоа се лалињата, убавите разнобојни цвеќиња.

Пред многу години, во една мала и скромна куќичка си живееше една многу убава девојка што се викаше Лудовина.

Беше многу сиромашна и работеше неуморно за да ја негува старата и болна баба, а за неа не остануваше ништо. Не можеше да си купи ниту кломпички и одеше боса со убавите ноџиња, розови како цвеќињата.

- Дојди! – ѝ викаа другарките, кога имаше забава. – Дојди да се забавуваш со нас!

Но како да оди со другите, боса, без ѕвонливите кломпички?... Не можеше да присуствува ни на собиранките ни на забавите.

Кутрото девојче остануваше дома во неделите и немаше некој со кој би можела да ја сподели маката. Бабата беше стара и не ќе можеше да ја разбере. Тогаш, зошто да ја вознемирува?...

Малку по малку другарките престанаа да ја канат и таа се чувствуваше уште поосамена и тажна. Во недела остануваше дома и му се довернуваше на својот мачор Флик. Но мачорот продолжуваше да прави „грррр“ и не ѝ даваше совети.

Едно утро Лудовина почувствува голема и неочекувана радост.

Кога ја отвори вратата од куќичката, откако ја исчисти внимателно, што забележа?... Две блескави кломпички, што изгледаа како да се ставени таму токму за неа. Се обиде да го стави малото стапало. Беа точно нејзина големина. Можно е да беа нејзини?...

Нежната Холанѓанка не се осмелуваше да ги земе. Беше многу чесна и сакаше да биде потполно сигурна дека чевличките се за неа. Така, таа отиде на прошетка боса и покрај големиот студ, а чевличките останаа таму.

Помина некој ден, и едно утро Лудовина забележа дека едно ливче беше ставено во една од кломпичките. Го зеде и го прочита: - „За розовите стапалца, кои одат боси по снегот.“

Колку беше убава и топла оваа реченица! Девојката ја обзема голема радост и без никаква грижа ги обу сјајните кломпички. Кој ли ѝ ги подарил?...

Деновите поминуваа, сите другарки ѝ се восхитуваа на новата елеганција на Лудовина и започнаа да ја повикуваат за излегување. Девојчето беше задоволно, но нејзините мисли секогаш беа упатени кон оној што го направил прекрасниот гест. И една вечер, додека се враќаше дома од работа, мислејќи на една забава на која што ја имаа поканeто, неодлучна дали да оди, најде една порака на вратата.

- Дојди на забавата и ќе се запознаеме. На вратот ќе имам црвено–жолто шамивче, боите на огнот и сонцето, така ќе сфатиш кој сум.

Замислете си ја возбудата, трепетот на младата девојка!...

- Што ми советуваш, Флик мој?... Да ја прифатам оваа покана?

Крупните зелени очи одобруваа, па Лудовина одлучи да оди.

Се дотера внимателно, убава и свежа како цвет и излезе надвор, откако се погрижи за бабата. Одеше пеш по мразот, бидејќи немаше санка како другите.

Кога влезе во големата соба осветлена од црвеникавата светлината на прекрасниот оган, виде многу убави девојки и момчиња, кои веќе весело танцуваа. И тогаш заблескаа двете бои!.. Блескаво жолтата и празнично црвената. Се спојуваа во марамата на едно младо момче со љубезен изглед.

- Мориц! – извика таа, откако го изгледа внимателно. Во него препозна еден стар другар од детството, што не го имаше видено со години.

Тој се стрча насмеан накај неа и се израдува кога ги забележа кломпичките на нејзините нозе. Танцуваа заедно и Мориц ѝ раскажа на девојката дека тој се занимава со изработка на играчки кои потоа ги продава и ја покани во неговата работилница. Лудовина отиде таму наредниот ден и им се восхитуваше на прекрасните играчки издлабени во дрво, на куклите и на убавите кломпички. Но, нејзините беа најубави од сите, беа направени со голема љубов. Од тој момент момчето и девојката се гледаа често. Лудовина го најде својот спокој во приврзаното пријателство со Мориц, во еден мошне мачен период за неа, бидејќи состојбата на бабата се влошуваше, а трошоците се зголемуваа, заедно со неспокојството. Во меѓувреме, Мориц ѝ се довeруваше

дека би сакал да се занимава само со правење на играчки, но не му беше доволна заработувачката и размислуваше да се вработи на еден трговски брод.

И така, еден тажен ден замина, но девојката беше спокојна и полна со верба и си велеше во себе:

- Ме сака многу! Ми подари кломпички! Сигурно ќе се врати.

*   *   *

По некое време бабата почина и сиромашното сираче остана само на светот. Пред да го испушти последниот здив, старицата ѝ рече:

- Тагувам што те оставам сама, Лудовина!

- Го имам Мориц, кој ме сака многу!

- Но тој е далеку! – воздивна болната баба. – Не ти вети ништо пред да замине! Кој знае дали ќе се врати?

Токму тој ден Лудовина, на нејзино големо изненадување, доби санкичка што Мориц ја направил за неа, па така ќе можеше удобно да оди по снегот, без да ја измокри облеката. Слабата вознемиреност кај девојката исчезна и, веднаш задоволна и полна со верба, истрча накај бабата, велејќи ѝ :

- Ми испрати санкичка по еден пријател! Ме сака многу!

При таа искрена надеж, болната се успокои и мирно ги затвори очите.

Лудовина ја исплака милата старичка што ја израсна со многу љубов и ја продолжи својата работа и мирниот живот, тешејќи се со некое ретко писмо или разгледница од Мориц.

Но времето поминуваше, а писмата се проретчуваа , сè додека потполно не исчезнаа. Тогаш другарките започнаа да инсистираат и таа да се забавува и сакаа да ја изведат надвор и да ја запознаат со други момчиња. Но Лудовина не сакаше ни да чуе. Постојано беше на работа, со мислите кај оној што беше далеку и се обидуваше да ја разубави нејзината куќичка за неговото враќање. Со љубов ги набљудуваше кломпичките кои ги чуваше за спомен, како и црвено–жолтата марама што Мориц ја имаше на вратот кога се сретнаа за првпат. Кога тој замина, таа му ја побара како залог за љубовта.

- Кога ќе ми напише дека пристигнува, ќе ја ставам марамата на прозорецот и кломпичките пред вратата. Кога ќе влезе во пристаништето со

својот брод, Мориц веднаш ќе ги забележи живите бои и ќе сфати дека јас го чекам.

Така велеше таа, иако веќе беа поминати многу години и за младиот морнар не се знаеше повеќе ништо. Дојде само еден глас, којшто носеше непријатна вест, дека Мориц само што не се оженил со девојка од странство.

Но тврдоглавата Лудовина, не сакаше да верува. Ги одбиваше другите додворувачи кои ѝ се приближуваа.

- Лошо постапуваш! – ѝ велеа другарките. – Толку си осамена на овој свет!

Малку по малку се оддалечуваа од неа, и покрај тоа што ја сакаа, и момчињата престанаа да ѝ се додворуваат, гледајќи ја секогаш задлабочена во таа далечна мисла. Со текот на времето, Лудовина стана тажна и еден ужасен ден здравјето почна да ѝ се влошува. Сѐ уште одеше со голема мака на работа, а потоа и на ливадите, каде што често шеташе со Мориц кој береше цвеќиња за неа и повторно ги преживуваше поминатите моменти. Си велеше:

- Ме сакаше многу! Не е возможно да се премислил!

Кутрата Лудовина!... Силите ја напуштаа, румените образи станаа бледи, треската започна да ја измачува и таа со месеци лежеше на болничкото креветче.

Ја мачеше само една мисла:

- Ако се врати Мориц, ќе ја најде куќата празна. – И им препорачуваше на другарките:

- Не тргајте ја црвено–жолтата марама од прозорецот и кломпичките од предвратата!

Сите протресуваа со главите, нажалени, велејќи: - Тоа е бладање!

И еден ден се случи тоа што се чинеше неверојатно. Заборавениот и неблагодарен морнар, по толку години отсуство, изневерен од туѓинката, одлучил да се врати во родната Холандија, на мелниците и гостопримливите домови.

Влегувајќи во пристаништето – дури тогаш – тој се сети на својата мала дамнешна пријателка и почувствува тага.

- Кој знае од кога е веќе омажена! –си шепна во себе. – Кој знае каде живее и што прави?

Но кога дојде на копното, нешто црвено и жолто што блескаше на зајдисонцето го привлече неговиот поглед. Што се вееше од тој прозорец?... Дали е возможно? Неговата марама од далечното минато?... А тоа нели беше прозорецот на Лудовина?...

* * *

- Не престана да те чека, - му рекоа сите – а ти не заслужуваше толкава верност! Но сега е во болница и на умирање е!

Потресен од болка, Мориц се удри со раката по челото, велејќи:

- Не, не ја заслужував оваа исклучителна љубов! Зошто не се вратив навреме?

Истрча во болницата, каде што болната го пречека со неискажлива радост, велејќи му:

- Знаев дека ќе се вратиш! Ме сакаше многу!

- Мораш да оздравиш, Лудовина моја!

- Сигурно! Ќе оздравам и ќе бидеме среќни! – му одговори таа со истата искрена верба.

И во тој момент се рашири глас низ градот дека се случило чудо. Марамата исчезна од прозорецот, а на нејзино место цветаа цветчиња што ги имаа боите на марамата. Беа во форма на ѕвоно, со права и висока дршка и весело го красеа симсот на прозорецот.

Приказната не кажува што се случило со Лудовина и со Мориц. Дали нежната девојка починала со насмевка заради враќањето на нејзината љубов, или го остварила својот сон враќајќи се во куќичката за таму да помине многу мирни години. Ова не го знаеме, но сепак се знае дека новите цвеќиња биле наречени лалиња, и им станале драги на сите девојки во Холандија и до ден денес ги украсуваат големите прозорци, ги бојадисуваат ливадите и се едно од највредните богатства на таа мирна земја.

# *Средба со Булката*

Лило и Мирела и нивните мали пријатели ги слушаа занесено убавите пролетни бајки кои Детелинко ги раскажуваше во ноќите осветлени со месечина.

- Приказната за мајската роза е најубава – извика Мирела, трогната речиси до солзи, мислејќи на мечтателката Розе, која пишувала поезија и се претворила во цвеќе.

- Мене ми се допадна многу онаа за жуките! -зема збор Чкртко, кој знаеше многу нешта – и едвај чекам да пристигне мојот пријател Праменко за да ги слушне и тој!

- Сега да се одмориме некое време, бидејќи месечината во мај е спуштена. Во јуни ќе продолжиме со раскажувањата. Во меѓувреме сакајте ги и уживајте во убавите цвеќиња на пролетта за кои ви ја раскажав приказната!

Така поминаа неколку недели. Двете малечки дечиња ги чекаше работа во полињата која со приближувањето на летото, се зголемуваше.

На едно топло зајдисонце, враќајќи се дома со букетче, Мирела застана да им се восхитува на полињата полни со расцутени булки.

- Колку ли сјае рамнината!...– извика осаменото девојче. – Булките не личат на цвеќиња туку на пламенчиња! Врели пламенчиња како срциња! Се запалиле за да ја осветлат земјата!

Уживајќи во таа мисла, девојчето си го продолжи патот со својата мирисна китка. Подоцна, додека ѕвездите сјаеа на небото, влезе во својата собичка и ја навали главата на перницата. Чекајќи сонот да ја совлада продолжи да гледа низ отворениот прозорец во полето, вдишувајќи го чистиот воздух кој мирисаше на косена трева.

И тогаш виде како на симсот на прозорецот скокна едно чудно, необично суштество.

## *Булки*

Си беше еднаш една жена, чијашто глава беше завиткана во лелеав црвен вел и којашто носеше фустан со исто толку силна боја. Лицето ѝ беше многу младо и убаво, но тажно.

- Која си ти? - праша, без да се зачуди, девојчето кое постојано мечтаеше.

Тогаш се чу едно тенко гласче кое шепотеше:

- Јас сум самовилата Булка и сторив лошо дело за што сега плаќам.

-Ти?... Самовила?... Е ова е вест! – и во гласот на зачуденото девојче затрепери некаква строгост.

- Се покајав Мирела и би сакала да ме разбереш. Знај дека ми кажа нешто што можеби ќе ми послужи.

- Јас?

- Да, ти прва во булките препозна огнови. Сега слушај ме, мила. Јас си живеев среќно во Волшебната земја, на дворот на предобрата кралица Аурора. Бев палава, полна со идеи, често необични.

-Ти?... Самовила! Што воопшто правеше, Булко? Раскажи!

-Еден убав ден си заминав од маѓепсаното кралство и дојдов на земјата. Колку ми се допадна, Мирела! Не очекував такво нешто! Верував дека убавините ги има само кај нас. Постојано слушав како се зборува за луѓето коишто страдаат, за светот во кој моите сестри помагаа, и си го замислував како прибежиште за сиромасите!

- Среќна сум што живеам во мојов свет! – весело се смееше Мирела.

Сè повеќе и повеќе се изненадував. Младата зелена трева, високите тенки дрвја, а потоа и сета таа палета од бои меѓу кои доминираше белата. Бели и розови црешови дрвја, кринови, јасмин. Каква белина беше послана по земјата! А снегот во зима, кој паѓа како снегулки слични на пеперутки. И бисерните зори и свежиот и лесен воздух како нашиот! Потоа, многуте убави руси и црномурести дечиња. Сè беше мирно, чисто, успокојувачки. Присуствував и на празникот на нарцисите во едно убаво селце. Да, Мирела, го изгубив умот.

Посакав да го нарушам сиот тој сјај, посакав да создадам нова слика, страшна но... впечатлива. Одлучив... да фрлам оган на земјата.

Лошата Булка ја наведна главата и замолчи совладана од лошите спомени. Мирела отворено го покажа својот презир, бидејќи како што знаете, таа беше искрено и храбро девојче.

- Лоша самовило!... Не знаеш ли дека вие треба да чините добро, да давате подароци-! Зошто си толку ѓаволеста?...

- Ѓаволеста, да! Можеби низ моите вени тече крв на некој далечен предок, кој бил чудовиште.

- Ох, Господе!

- Не се откажувај, Мирела! Сега сум навистина добра и се покајав. Послушај ме. Тогаш фрлив силен пожар и се забавував гледајќи ги огнените јазици, кои се искачуваа и се закануваа да ја изгорат пченицата, ја зацрвенуваа тревата и ги растераа птичките... Но тогаш, одозгора, од нејзиниот престол кралицата Аурора виде што се случува заради мојата лудост и замавнувајќи со едно вочшебно стапче ги претвори пламенчињата во цвеќиња. Црвени, се разбира, но немоќни да предизвикаат пожар. Зли, но и отровни.Тие се пред сè штетни за очите.

Кралицата строго објави : „Ќе се викаат булки како тебе и секогаш ќе ја зацрвенуваат земјата, додека пак ти, лоша самовило, ќе талкаш низ светот без мир. Никогаш повеќе нема да се вратиш во нашата земја“.

Молчеше долго тажната самовилка откако ја раскажа болната приказна.

- Во суштина, те сожалувам, кутра Булко! – промрморе Мирела. – Но колку години луташ по земјата?

- Многу, но се трудев да чинам добро, да му помогнам на оној што страда бидејќи кралицата ми вети прошка доколку ја заслужам. И денот кога некое девојче ќе препознае во булките пламенчиња јас делумно ќе си ја повратам мојата моќ на самовила и така ќе можам и подобро да им помагам на оние кои имаат потреба од помош.

- Ох, колку сум задоволна што можев да ти помогнам! – извика Мирела. Да излеземе заедно. Јас ќе те однесам на едно место каде што е потребна добра самовила. Ќе можеш многу да сториш, Булке.

Така девојчето и самовилата тргнаа и незабележливо влегоа, не во некоја сиромашна куќа, како што ќе си помислите, туку во еден раскошен замок каде што една богата и разгалена принцезичка венееше од тага и здодевност.

- Повтори ѝ го она што ми го рече мене, Булке. Кажи ѝ колку беше зачудена запознавајќи го светот и восхитувајќи му се. Направи таа да се вљуби во сè што нè опкружува и на сè да гледа со поинакви очи.

Црвената самовилка се појави во сонот на заспаното девојченце и ѝ ја раскажа приказната која ја протресе и ѝ ја побуди љубопитноста.

-Навистина ли мислиш дека нашиот свет е убав?... Ти?... една самовила!

-Дојди, дојди надвор со мене, - ја охрабри Булка.

Ноќ за паметење! Две обични девојчиња отидоа на прошетка со една самовила, која за нив ја разбуди црвената рамнина послана со булки. Булките се претворија во безброј виленици облечени во бојата на огнот и плетеа еден весел и живописен танц. Самовилата танцуваше меѓу нив како некое немирно детенце. Потоа ги повика да танцуваат и Мирела и малечката принцеза, којашто се викаше Елијана. Таа пак, за првпат беше насмеана, возбудена и додека танцуваше нејзините црни кадрици чудесно одблеснуваа во црвенилото што ги опружуваше. Нејзините образи се бојадисаа од восхит, а таа им се смееше на сите црвени човечиња кои ѝ се поклонуваа.

-Булко, убав е светот. Имаш право. Утре внимателно ќе ги набљудувам високите и тенки дрвја, спектарот од бои. А потоа сакам да одам и на оној празник на нарцисите за кој ми зборуваше.

- Направив добрина. Задоволна сум – ѝ рече подоцна самовилата на Мирела откако ја оставија Елијана, која веќе спокојно спиеше и која следниот ден можеше да размислува за својот убав сон.

- Кога би знаела само колку ме огорчуваше болката на кралицата Аурора. Ми рече дека јас ѝ го приредив најголемото разочарување во нејзиниот живот. Напротив, секогаш ја возвишуваше милозливоста и силната волја на малата Мимоза, девојчето самовила, кое како мене сакаше да дојде во овој свет и стори навистина добро дело. На луѓето коишто беа растажени од зимската нечистотија им подари едно ново цвеќе.

- Сум чула за тоа - се насмевна Мирела. – И јас ја сакам многу нежната Мимоза!

А сега да ги оставиме двете девојчиња бидејќи на силното сонце Самовилата ќе исчезне пред очите на оние кои не се бесмртни. Да се прошетаме низ полињата меѓу огнените булки и да ѝ испратиме благодарност од срце на кралицата Аурора, којашто го сопре ужасниот пожар предизвикан од необичната фантазија на спободалената самовила.

## *Раскажува ѕвездата Деница*

- Приказната за булките беше наменета за Мирела! – рече Лило шеговито. – Но тоа не е праведно!

- Не е праведно! – повтори папагалчето.

- А јас сум толку желен да ја слушнам! – извика Праменко, којшто пристигна пред некој ден на гости кај Чкртко. – Го носам и мојот бележник за да ги запишам! – и со малата светла шепа стегна едно пенкалце.

- Вечерва желбата ќе ви биде исполнета! – рече одозгора еден пријатен глас – Слушајте ме! Ќе ви раскажам јас една приказна, којашто е можеби најубава од сите, онаа за синооката Генцијана.

Тоа го велеше ѕвездата Деница којашто трепереше во синилото и ја започна својата приказна.

# *Генцијани*

Ако еден ден се упатите кон падините на Доломитите, таму каде што алпските езера ѕиркаат насмевнувајќи се како очи во кои се огледува небото, ќе чуете како сè уште одекнува прекрасната легенда за малечката Генцијана со очи сини како езерцата од нејзиниот роден крај.

Генцијана беше милослива овчарка со кадрава коса. Ги минуваше деновите чувајќи ги стадата на пространите ливади. Пееше со кристално чист глас и береше горски рози и нарциси за да си ја закити косата со венче за време на танците в поле. Кога танцуваше меѓу своите другарки и младите овчари не личеше на девојка туку на самовила, толкава беше грациозноста што зрачеше од виткото девојче со чудесни очи.

Сите велеа: „Генцијана го украла синилото од езерата и со него си ги бојадисала своите очи!“.

На тоа малата Генцијана се смееше со својот ѕвонлив глас.
Сите млади овчари гореа од љубов по неа, многумина ја бараа нејзината рака, но таа насмеана и вообразена, ги одбиваше.

Таа ја сакаше својата трошна куќичка каде што живееше со татко ѝ, со мајка ѝ и со многуте братчиња, ги сакаше и снежнобелите овчички ,особено бескрајната слобода на младоста проткаена со сништа.

-Но, зошто е толку пребирлива? – налутено се прашуваа заинтересираните момчиња. – Можеби го чека принцот на белиот коњ?
И самовилите, кои на зајдисонце доаѓаа да плетат танци на падините на Доломитите од кои се одбиваа силни коралноцрвени одблесоци се прашуваа:

- Зошто ли е толку пребирлива малечката?

Но бргу додаваа :

-Премногу е убава и весела, не можеш, а да не ја сакаш.

И застануваа да им се восхитуваат на прекрасните очи на девојчето.

Но бидејќи сите зборуваа непрестано дека Генцијана го украла синилото од езерата за своите очи, блиското езерце дозна. Неговите бистри води потемнеа од лутина :

-Како едно човечко суштество може да си дозволи да ја украде мојата божествена боја?

Богот на езерата, којшто живееше на дното во една прекрасна пештера, сакаше да ја казни дрската девојка, но малечките самовили кои танцуваа околу него на прекрасни килими го смируваа.

-Нашите сестри од планините ни рекоа дека девојката е натприродно убава и дека пее со божествен глас. Зошто наместо да ја казниме, не ја доведеме кај нас? Така синилото што го украла ќе се врати таму од каде што го зела и во исто време ќе добиеме една грациозна другарка.

Така сите се сложија со самовилата и решија со песни да ја привлечат младата девојка за да ѝ се восхитуваат колку што ќе сакаат.

Едно септемвриско зајдисонце небото беше послано со злато, а на планините се прелеваа волшебни нијанси од огненоцрвената боја на рубинот до бледовиолетовата на аметистот.

Само од кристално бистрото езеро блескаше сината. Додека Генцијана минуваше покрај неговите брегови и застануваше да му се восхитува понесена од прекрасната глетка, зачу хор од пријатни гласови. Генцијана застана, набљудувајќи ја зачудено лесната раздвиженост на езерската вода, која вообичаено беше неподвижна и мирна. И тогаш се случи нешто чудесно, од дното испливаа на свилениот воден килим блескави и грациозни суштества. Имаа крупни очи, распуштени руси коси на рамената обвиткани во тенки велови кои од миг во миг ја менуваа бојата како небото и планините. Танцуваа лесно и пееја со глас на сирени.

Младата овчарка возбудено ги гледаше. Самовилите никогаш се немаа појавено пред човечките очи, а таа мислеше дека е заробена од едно привидение, кое беше толку чудесно што не можеше да му одолее.

Потоа пеењето запре и одекна само еден глас : -Ајде сега ти, Генцијана. И Генцијана запеа. Хармоничниот глас се разлеа низ шумите повикувајќи многу слушатели како и самовили, кои испливаа на површината на езерото. Молчеа сите возбудени, а кога и таа замолчи еден глас прозборе :

-Генцијанела, весела синоока овчарке, сакаме да ни бидеш пријателка. Толку е милозвучен твојот глас, толку божествено изгледаш што заслужуваш да станеш самовила! Ќе дојдеш со нас во тиркизните пештери и ќе танцуваш на килими исткаени од алги, а во ноќите ќе се одмараш на белите водни лијани и ќе уживаш во многуте нешта кои им се дозволени само на оние кои имаат натприродни моќи.Самовилите продолжија да танцуваат и пеат :

*О сино езеро, земи ја Генцијанела,*

*која еден далечен ден бојата ти ја украде!*

*Мила Генцијана, биди наша сестричка!*

*Те покануваме со насмевка и љубов.*

Но Генцијана занеме и се вознемири. Да го напушти животот на земјата и да живее во езерото?...

Ви се заблагодарувам, прекрасни самовили – прошепоти трогната– преголема е честа што ми ја укажувате, но јас сум само една скромна селанка и таква треба и да останам. Не би можела да живеам далеку од моите најмили! Збогум! Се враќам во мојата колиба.

Така зборуваше Генцијанела. А самовилите, запрепастени и навредени заради одбивањето, со презир зборуваа за неа и исчезнаа брзо. Малата овчарка се упати кон своето стадо пеејќи:

*О иванско цветче*

*ме посакуваат во светот на самовилите,*

*но јас си ја сакам мојата колипка!*

*О капинки,*

*Овчички мои, не ве оставам.*

*Се родив и ќе останам засекогаш овчарка.*

Си минуваа деновите. Во езерото се разгоруваше презирот кон младата овчарка. Самовилите беа силно разлутени, а пак богот на езерата се заколна на одмазда.

Девојката Генцијанела со светлосини очи си продолжи со својот живот од соништата,со песни и танци во полињата, безгрижна и несвесна за последиците. Но едно утро, нејзиниот лесен чекор ја однесе до езерскиот брег.

Во тој раскош од сонце и синило, девојката подзастана на младата тревичка за да се одмори малку, заборавајќи сосема на случката од пред некој

месец. И така, како и порано се отвори езерската вода, но со огромна врева и се појави младиот  и сјаен бог обвиткан со бела пена...

Бликаше гнев од очите на страшниот и горделив бог кој се исправаше желен да ја казни вообразената овчарка. Таа пак, втренчено го гледаше со своите крупни невини очи, со израз на чудење, кој го одаваше нејзиното нежно лице.

Колку ли беше привлечна! За миг исчезна гневот од срцето на богот на езерата, и како со волшебно стапче се претвори во љубов.Тој безнадежно се вљуби во малата овчарка.

Ах, Генцијана, фатална девојко, маѓесница, не грешат темните планини, непроодните шуми и сините езера кога на секој патник му зборуваат за тебе!

Сега, понизно, богот ја преколнуваше младата овчарка :

- Сакаш ли да ми ја дадеш твојата рака, Генцијана? Ќе те направам кралица на езерото и ќе живееш вечно. Ќе ти се покори и ветрот, зората ќе ти ги дари своите рози, а сонцето, пак, со своите зраци ќе изработи волшебен накит само за тебе! А на зајдисонце, самовилите ќе плетат танци во твоја чест, одозгора ќе слезат планинските самовили за да ти ги пренесат поздравите од височините, облаците, ѕвездите. Ќе долетаат рој светулки за да ти го осветлат езерото со своите златни ламби, а штурците ќе одржуваат пријатни концерти за тебе. Потоа, убава и сјајна ќе блесне месечината за да ти подари сребрена дијадема. Генцијана, кралице на моето срце и на моето езеро, ќе сакаш ли да дојдеш?

Стресувајќи ја русата коса младата овчарка одговори :

-Но што зборуваш, богу?... Ми ласкаат многу твоите дарови, но како можеш да помислиш на венчавка меѓу богот на езерата и една сиромашна девојка. Понормално е да се ожениш со самовила или со нинфа. Остави ја Генцијана да ѝ се врати на својата колиба и насвоите стада! Не се за мене почитта од ветрето, зората, самовилите! Доволна ми е љубовта на моите блиски и верноста на моите бели овчички! О богу, заборави ме!

Зборуваше така љубезно и милно Генцијана. Кога го виде како се вознемирува, не знаејќи како да се воздржи од смеа, се оддалечи трчајќи.

Бистрите води станаа матни и темни, се случи страшно невреме, многу налутени гласови извикуваа :

-Одмазда! Одмазда!

А еден глас најмоќен од сите загрме:

-Не плати затоа што го украде синилото на моите води, одби да им се придружиш на самовилите, со потсмев ја одби венчавката со богот на езерата!

Колку ли е бесмислена гордоста на кутрата овчарка! Добро, ова езеро, коешто требаше да ти дари бесмртност, ќе ти ја испрати смртта. Сината боја на твоите очи ќе им се врати на моите води, гордо суштество.

Така заканувачки загрме, а Природата се стресе.

Сите планини беа побелени, малечкото селце речиси исчезна во силната снежна меќава. А Генцијана, со очи на маѓесничка седеше до разгореното огниште, предеше и си размислуваше. Како во сон се сеќаваше на сѐ што ѝ се случи на бреговите на езерото, на заканувачките зборови, чиешто ехо ветрот ѝ го донесе.

Преплашена, не се приближи повеќе до неговите води, иако повеќепати самовилите, скриени, се обидоа да ја привлечат со песна. Сега езерото беше замрзнато, ливадите послани со снег, а Генцијана не го водеше стадота на пасење.

Но самовилите и богот на езерото сѐ уште мислеа на неа и коваа план како да ја повлечат со сините бранови.

Светлото и јасно сонце повторно почна да го топи снегот во долината, пољаните се раззеленија и се закитија со момини солзи и со синолички. И Генцијана си го украси со нив своето убаво лице, ги однесе овчичките на пасиште, а радоста повторно завладеа во нејзиното село и кај нејзиниот народ.

Минуваше насмеана долж езерскиот брег, кога зад себе зачу одек на глас:

-Застани Генцијана! Не ли гледаш дека ти недостасува малото бело јагне? Се приближи до езерото за да се напие вода и се лизна во неа.

Исплашена, малата овчарка си го погледна стадото. Вистина беше. Го немаше белото јагненце, чијашто мајка тажно блееше.

Девојката, која многу си ги сакаше своите животинки истрча вознемирена до брегот за да провери во сината вода.

-Таму е! – извика непознатиот глас. Се бори со струјата, сѐ уште не се удавило.

-Ќе го спасам! – извика девојката. Беше храбра и силна, зошто да се плаши?

Си ги слече опинците и влезе во водата брзо и лесно. За миг еден син бран се крена над неа и Генцијана исчезна засекогаш.

Еден глас од дното загрме:

-Каква бесмртност, смрт ќе ти дарам. Езерото чиешто синило го украде ќе ти возврати, Генцијана.

* * *

Залудно ја бараа низ шумите, низ планинските падини, залудно ехото го повторуваше нејзиното мило име „Генцијана".

Напразно плачеа нејзините родители скршени од болка, довикувајќи ја загрижено. Но невините овчички, кои беа сведоци на она што се случи, успеаја на волшебен начин, да ја раскажат на нивниот јазик приказната за девојката. Тогаш сите се упатија кон езерскиот брег, а вљубените овчари фрлаа цвеќиња во сината вода, која ја криеше убавицата и плачеа ли плачеа. Скршените родители и малечките братчиња испуштаа болни крици во толпата.

На руменото зајдисонце слегоа и планинските самовили да ја оплакуваат Генцијана над смртната постела додека целата природа извика дека ужасна била одмаздата на езерото и дека не требаше да го земе најневиното и најубавото суштество!

Токму тогаш на брегот на езерото расцуте еден мал син цвет... Син како очите на Генцијанела.

Жителите на селото и младите овчари, гледајќи го прекрасниот цвет воздивнуваа зачудени и ги бакнуваа младите цветни ливчиња од каде се чинеше дека се насмевнуваат веселите мomински очи.

Ова е тажната, но убава приказна за малата Генцијана со сини очи како планинските езерца. Сè уште одекнува во шумите на Доломитите, а самовилите, пак, слегуваат од врвовите, во пролетните вечери, за да му ја раскажат со шепот на патникот.

## *Враќањето на виленикот Детелинко*

-На нозе пријатели! Повторно сум меѓу вас! – извика радосно Детелинко, изронувајќи од еден месечев зрак.

-Миличок! Нè напушти!

-Имавте пославни раскажувачи од мене! Но еве ме повторно меѓу вас. Браво Праменко за тоа што пишуваш! Знам дека ви се допаѓа планината и ќе ви раскажам некоја убава алпска приказна.

-Благодариме Детелинко! Навистина си љубезен! И ѕвездата Деница ни раскажа една поетска легенда која се случуваше на Доломитите.

-Добро! Некогаш и  јас ќе ве одведам таму горе, токму во Долината на езерата. Оваа вечер ќе ви ја раскажам приказната за алпските ѕвезди познати под името еделвајс.

## *Алпски ѕвезди*

Светкавото небо на убавите летни ноќи се насмевнуваше од малиот прозорец, на болното девојче. Девојчето ги тегнеше рацете, широко ги отвораше големите чудесно сини очи, барајќи од небото еден скапоцен подарок, една ѕвезда...

-Една ѕвезда! Една ѕвезда за мене!

Кутро девојче! Долго време беше болна; слабите нозиња не можеа веќе да ја држат и лежеше во своето креветче, барајќи толку мали нешта со понизен глас.Нејзината мајка ѝ подаруваше сѐ. Но...Ѕвездата?

Како да ја добие?

Одмори, моја мала Лилија, мирувај: Твојата желба е неверојатна!

Но Лилија, девојчето со јасните очи, кои сонуваа не се одмораше спокојно. Дури и во полусон, детскиот глас бараше: Една ѕвезда! Една ѕвезда за мене!

А оваа чудесна желба ја чу едно мало срце. Брунело, братчето на Лилија, страдаше, набљудувајќи го ѕвезденото небо и му бараше на Господа скала за да се качи таму горе.

- О Господе, прати ми ја најдолгата скала, да се качам до небото и да соберам ѕвезда за малото болно девојче.

Момчето молеше така нежно, во мистериозната тишина на ноќта. А славејот, кукавицата и штурецот му рекоа:

Тргни на пат околу светот, или Брунело, качи се на највисоките врвови, воден од твојата длабока верба. И еден ден ќе ги достигнеш ѕвездите. Бог ќе те награди, добродушно момче.

Една пријатна вечер, на крајот од летото Брунело замина. А Лилија го испрати, со поглед полн со силна надеж.

Брунело пешачеше долго и помина долини, шуми, предградија, градови: пристигна на планините и таму започна долго да ги искачува стрмните патчиња.

Славеите не пееја повеќе и воздухот не мирисаше на јасмин. Есента се спушташе пристискајќи со сета влага. Воздухот стануваше ладен, а врвовите на планините бели од снег.

Доброто момче одеше напред во тишина, повеќе не беше попречуван од песни и чуруликања: се качуваше, тивко и непоколебливо по патчињата, каде што удираше ветрот. Се качуваше кон снежните карпи, пропаѓаше со стапалата во мразот и се лизгаше и паѓаше за да се исправи посмел и посилен. Се качуваше долго по Алпите, убавите италијански планини и им се насмевнуваше на нашите врвови, на нашето небо и бараше:

-Една ѕвезда!...Една ѕвезда за Лилија!

* * *

Јасна зора. Алпското небо се боеше во бисерно розево, блескаше белиот снег. Наоколу беше ладно и тивко. Брунело, уморен, без здив, ги затвори накратко очите за да се одмори. Повторно ги отвори нестрплив да го допре врвот и виде, неверојатно чудо, една сјајна ѕвезда светкаше таму горе...

И момчето, од силна верба испушти радосен крик и на колена врз замрзнатата земја му се заблагодари на Бога. Во длабока тишина, ја набра белата ѕвездичка и ѝ ја однесе, во својата тупаница на сестричката која чекаше. Се надеваше со месеци.

-Лилија, ѕвезда!...Ѕвезда за тебе!

Така се родиле *алпските ѕвезди*, слатка награда за нескршливата верба на едно момче, нежна утеха за болното девојче. Оттогаш цветаат на нашите Алпи, на чистиот снег, како награда резервирана за силните кои знаат да ги достигнат врвовите.

# *Сончогледи*

Си беше еднаш една ткајачка која имаше три ќерки убави како ѕвезди: Ведрана, Веселка и Радица. Со овие радосни имиња девојчињата беа секогаш насмеани и весели. Најмногу од сите Веселка, која уште како малечка покажа голема љубов кон слободата, светлината и свежиот воздух. Наутро, штом ќе се разбудеше, истрчуваше кон прозорецот и го подотвораше за да ужива во претставата на зората, за да ги наводни своите растенија и да ги поздрави птичките.

Кога одеше на училиште, девојчето секогаш ја избираше најсончевата улица и покрај тоа што беше најдолга, бидејќи велеше дека ја развеселува. А во училницата нејзиното место беше до прозорецот.

Другарките од класот се натпреваруваа за да ѝ бидат пријателки на Веселка, која зрачеше со многу радост и светлина во себе. Но во врнежливите денови девојчето се менуваше. Нејзините крупни очи стануваа тажни, нејзиното убаво лиценце бледо. Исправена пред стаклото, ѕиркаше кон небото и повикуваше нешто што другите не го сфаќаа. Еден ден, по многу недели лошо време, таа почна силно да плаче во прегратките на својата мајка.

- Што е моја Веселке?

- Го сакам сонцето мамо, ми треба неговата топлина и светлина!

- Сите го сакаме сонцето, девојче мое! Но не треба да нè измачува неговото отсуство. Издржи ги маглата и дождот, како што ги поднесуваме ние. Се знае дека во зима доаѓаат студени денови.

Мудро зборуваше мајката, но Веселка не можеше да се помири. А кога сфати дека често се случува сонцето да се сокрие, почувствува голема болка.

Беше толку малечка, што ткајачката не се загрижи и рече :

- Може да се каже дека ова е првата зима во нејзиниот живот. Во изминатите години не обрнуваше внимание  на работите. Сега осозна дека нема секогаш сонце. Ќе се навикне!

Но, за жал, мудрата жена овојпат згреши. Веселка, растејќи, со текот на годините стануваше сè повљубена во сонцето. На лето го бараше на плажа и ги минуваше деновите горејќи под врелите сончеви зраци. Во тие мигови беше среќна што живее!...Скокаше од радост, го поздравуваше сонцето, му испраќаше бакнежи и си ги милуваше поцрвенетите раце, велејќи:

- Мирисаат на сонце!... Тоа ми ги погали рацете, ми ги бакна!... Ах, кога ова би траело засекогаш!...

Но тмурните денови го обесхрабрувaа девојчето. Нејзините сестрички грижливо се обидуваа да ѝ ги сменат мислите, да ја забавуваат, родителите ја однесоа и на лекар. Но тој ја затресуваше главата велејќи:

- Многу е здрава, но ѝ треба сонце, ако го нема, страда!

Годините минуваа, а девојчињата беа веќе млади девојки. Веселка беше многу грациозна и љубезна кон сите.

Но кога некој нејзин млад другар почна да ѝ зборува за љубов таа ја затресе главата велејќи дека не сака ни да чуе.

- Веселка е вљубена во сонцето!- кажа , шегувајќи се, Ведрана.

На тие зборови девојчето поцрвене и истрча надвор, во градината.

Таму свртена кон вжештената ѕвезда, почна да ѝ зборува.

- Вистина е! Јас мислам само на тебе. Додека работам, додека се забавувам, моето срце копнее секогаш по тебе. Вечерта ми изгледа многу долга, а најсреќниот миг е оној наутро кога се будам, бидејќи знам дека ќе те видам и ќе го добијам твојот бакнеж. Како одговор на тие страствени и невини зборови, сонцето светна најсјајно и во целост ја обвитка младата девојка и се задржа подолго на нејзината коса. Трогната и среќна Веселка се врати дома кај своите сестри, чувствувајќи ги сè уште топлите коси од милувањето на сонцето. Тогаш Радица и Ведрана извикаа:

- Веселке, твојата коса има златен отсјај... Разубавена си!

- Тоа е подарок од сонцето, кажа возбудена.

- Но, што зборуваш?...

- Не, се шегувам! И се смееше со нив, зачувувајќи си ја својата тајна.

* * *

Сега трите девојки работеа со мајката, сите станаа вешти ткајачки. Еден ден се прошири глас дека во градот ќе пристигне синот на кралот и за да го пречекаат требало да се исткае еден килим, којшто ќе се постели низ улиците. Ќе се изберел најубавиот. Во тој момент сите ткајачки беа на работа, вешто работеа на разбојот. Ведрана, Радица и Веселка беа полни со ентузијазам и пеејќи ја протнуваа совалката низ разбојот. Во куќата одекнуваа ѕвонливи гласови и сите смеејќи се, велеа :

- Тоа е куќата на песната и на доброто расположение!

Веселка работеше на сонце, и тогаш се случи една чудесна работа. Едно топло зракче застана на разбојот и ѝ шепна на девојката:

- Препушти ми на мене! Ќе работам наместо тебе. Ти си ми многу посветена и јас сакам да ти возвратам за твојата наклонетост. Кога сите платна беа готови, она на Веселка блескаше повеќе од злато, и тоа многу повеќе. Беше нестварно убаво и проѕирно.

- Се чини исткаено од сончеви зраци! – извикаа восхитено прво роднините, а потоа и сите други.

Се разбира, беше избран токму тој килим за постилање на улиците во чест на доаѓањето на престолонаследникот. Замислете го задоволството на целата фамилија на Веселка и нејзината благодарност кон сонцето!...

Кога пристигна принцот, пречекан со аплаузи и почести, извика зачудено:

- Никогаш не сум видел нешто поубаво!... Го исткајала некоја самовила?

- Не, Височество, една скромна девојка.

- Сакам да ја запознаам. – И посака да оди тој лично во домот на трите сестри.

Замислете ја збунетоста, возбудата на родителите на девојките!

Но зачуденоста го достигна врвот кога младиот принц ја побара раката на извонредната ткајачка.

- Ткаевме сите заедно – побрза да каже Веселка.

Потоа ги викна сестрите на страна и им кажа дека никогаш не би се омажила за некое кралче и дека посакува многу среќа на една од нив. Сестрите се бранеа, настојуваа Веселка да ја прифати можноста која ѝ се пружаше. Но не најдоа начин да ја убедат.

- Знаете, сестри мои, дека јас го сакам само Сонцето. Никогаш нема да можам да му го дадам моето срце на некој смртник!

-Да не си полудела Веселке?.. Сонцето не може да се ожени со девојка.

- Не е важно, ќе го сакам од далеку. Тоа веќе ми даде до знаење дека ми е наклонето. Бакнежот по косите, кој ги позлати; а сега го истка за мене тоа прекрасно платно. Јас сум среќна така. Доволна ми е една идилична и далечна љубов.

Додека таа зборуваше, блескав сјаен зрак дојде да ја помилува и еден глас од високо проговори:

- Еве ти го мојот трет доказ на љубов, Веселке. Од овој миг ти си бесмртна девојка, еден прекрасен цвет,чиешто венче секогаш ќе биде свртено кон мене. А пак во земната среќа којашто ти ја отфрли, ќе уживаат твоите сестри, едната ќе се омажи за престолонаследникот, а другата за помалиот брат. Во градината ќе го имаат моето омилено цвеќе и така секогаш ќе те чувствуваат блиска.

Овие зборови ги слушнаа сите, исто така и принцот, кој клекна на колена потресен, стегајќи ја со раката половината на Ведрана, првороденaта, која сонцето му ја даде за жена. А, пред нивните очи, се случи чудо. Веселка исчезна за да се претвори во едно убаво венче со златна боја кое гледаше кон небото. Тоа цвеќе беше наречено сочоглед и ден денес ги развеселува нашите градини и полиња.

## *Не заборавај ме*

Но од каде ли доаѓаше толку сладок мирис, таква опојност? Така се прашуваа луѓето што доаѓаа од далеку, странците и аџиите. А луѓето од селото им одговараа:

-Од градината на Алма, малечката цвеќарка.

-Градината е волшебна - шепотеа дечињата. И трчаа, насмеани и љубопитни, го потпираа своето лиценце на решетките од оградата, за да му се восхитуваат на она што на нив им се причинуваше како Рај на Земјата. Сите што поминуваа по улицата застануваа привлечени од миризбата, им се восхитуваа на кадифените рози, на шарените анемони, на криновите горди на својата нежност, на бледите гардении, а потоа и на нежното суштество, цвеќето кое живееше во нејзината волшебна градина.

- Самовило на цвеќињата, твоите венчиња ќе бидат наши – и му се насладуваа на опојниот мирис.Но каква ли беше малечката цвеќарка?...

Беше убава како некој што живее помеѓу најубавите работи создадени од Бога. Беше добра, затоа што прекрасниот мирис и ја милуваше младешката душа.

Самовила на цвеќињата... Волшебна градина... Овие зборови ја радуваа Алма. И таа од својот скромен живот направи бајка обоена во розово, со мирис на момини солзи. Главната хероина беше токму таа, Алма, која повеќе не беше девојченце туку самовила, на која како за чудо, секој ден ѝ расцутуваа нови цвеќиња.

А Младоста и Пролетта, коишто ѝ ги читаа мислите на Алма, тивко зборуваа меѓу себе во сенката на булеварот.

- Да, ние се натпреваруваме за да го одржиме раскошот на градината и грациозноста на цвеќарката. И таа ќе живее меѓу своите цветни венчиња, сè додека...

Деновите весело танцуваа околу Алма, подарувајќи нови изданоци на цветните леи, а на неа, нова грациозност, нов сјај во нејзините очи во кои се

одразуваше небото.

Децата весели трчаа кон неа:

- Самовило на цвеќињата, ќе ми подариш ли една мала пупка?... А на мене едно семе?

А самовилата даруваше.

Потоа, како во бајките... Еден ден низ таа улица помина еден мал крал и веднаш падна воодушевен пред нозете на самовилата и преколнувајќи ја замоли да ја остави волшебната градината и да замине со него. Самовилата се двоумеше. Да ја напушти вечната пролет на својата градина, вечната младост на неа подарена, за да замине со смртник и да живее живот како сите други. Таа не се одлучуваше да му каже „да“ на својот принц, но љубезно се смешкаше и му даруваше цветни венчиња. Принцот беше обземен од шармот на тие крупни сини очи, инсистираше и молеше.

Тогаш, Младоста и Пролетта ѝ шепнаа на Алма:

- Слободно оди. Следи го твојот крал затоа што ние не ќе можеме вечно да останеме покрај тебе. Веќе беше пишано дека самовилата на цвеќињата ќе остане помеѓу своите цветни венчиња сѐ додека...

-А да не дојдев јас! – и пред Алма се појави едно прекрасно, насмеано момче кое во тупаницата држеше бели цветови на портокал.

Тогаш Алма сфати и бидејќи многу го сакаше младиот крал, го пречека полна со радост и не се двоумеше да му го каже своето „да“.

Забрзано се одвиваа подготовките за свадбата од соништата на самовилата на цвеќето. Работеа водните коњчиња и пеперутките ткаејќи облеки од илјада бои, а цвеќињата даруваа скапоцености создадени од росата и мирисот. На белата рака на Алма блескаше прстенот од принцот и сите околу нив беа весели и насмеани.

Но како и во животот, за жал, исто така, и во бајките, често има нешто што го затемнува сонцето, често се појавува некој непријател. На младиот крал му беше забрането да стапне во волшебната градина. Напразно очајуваше, се бунеше, се спротивставуваше. Алма залудно плачеше. Сѐ беше против венчавката.

Но бидејќи болката на момчето беше огромна, а љубовта силна, еден злобен дух се сети да ја оттргне сликата на убавата девојка од неговото срце. За

него се подготви една волшебна напивка, и без да знае, тој ја испи и сликата и името на Алма исчезнаа од неговот срце и ум.

Среќен и рамнодушен му се врати на својот секојдневен живот и продолжи со своите обврски и забави.

Замислете си ја болката на Алма!... Розовата бајка на нејзината младост веќе беше завршена, а самовилата на цвеќињата сурово повредена од животот беше само една кутра и несреќна девојка.

Оној, за кого таа веруваше дека е нејзиниот принц дојден да ја поведе со себе, повеќе не се сеќаваше на неа и можеби размислуваше за нова венчавка. А таа плачеше, осамена во градината, која повеќе не беше волшебна.

Едно утро, будејќи се, на перницата натопена од солзи Алма најде семиња за кои не се сеќаваше дека ги има. Ги гледаше долго време. Можеби се стари семиња,заборавени? Кој знае...

Но тогаш се присети на еден чуден сон, кој го сонила ноќта; и сета среќна и полна со верба си рече дека  сигурно некоја самовила ѝ ги оставила тие семиња покрај неа, дека бајката продолжува и сѐ повторно ѝ се насмевнува. Не беше вистина дека сонцето се скрило засекогаш меѓу црните облаци, не беше точно дека животот сурово ги уништил соништата на една девојка!

Така си помисли Алма и набрзина слезе во градината и ги засади внимателно мистериозните семиња. Младоста, Надежта и Вербата секое утро доаѓаа за да ѝ помогнат со нејзината работа. Таа со својата љубов ги хранеше новите изданоци, ги наводнуваше со своите солзи, ги боеше со синилото на своите очи.

Така расцутеа цвеќињата, сини и деликатни, нежно миризливи. Тогаш една добра пријателка на Алма ѝ дојде на помош, и ги испрати цветните венчиња кај заборавениот крал, кој живееше далеку.

-Колку убави цвеќиња! – рече тој. Нерадо ги погледна и  длабоко се вознемири затоа што тоа нежно синило го потсетуваше на две невини momински очи. А од латиците, еден добро познат глас допре до него велејќи му:

„*Не ме заборавај*!”. Наеднаш од длабочината на спомените исопливаа нежното име, убавото лице и грациозната фигура.

– Алма! –извика, го пикна лицето во цветното венче и со голема болка ја повика далечната девојка.

Ниту еден злобен дух, ниедна човечка сила не можеа повеќе да се спротистават. И тој се врати во волшебната градина, која блескаше под розовата светлина на бајката,  која продолжуваше за никогаш повеќе да не заврши. Алма пак, убава како цвеќе, сјајна како ѕвезда, насмевнувајќи се го следеше својот принц по патеката на соништата.

Ова е приказната за „*Не ме заборавај*“, пријатна како и нивниот благопријатен мирис.

# *Мразовци*

Си живееја еднаш, многу одамна, во алпските гори, едни шумски Гени кои беа богати и моќни и често војуваа меѓу себе.

Нивното кралство не ја гледаше, како што можеби ќе си помислите, светлината на денот, туку беше подземно и мрачно. Тие живееја во пештери, опкружени со мрмоти кои зборуваа, полвови кои спиеја преку зимата и други животни кои одвреме – навреме сакаа да се засолнуваат во темнината. Нивната цел беше да соберат што повеќе злато и да сочуваат во земјата чудесни богатства.

Две од овие кралства почнаа да војуваат меѓу себе за тоа кое да го поседува огромниот скапоцен камен, Блескавиот Аметист.

Старото племе на Фаните го пренесуваше тој скапоцен камен од генерација на генерација и на крајот беше паднал во канџите на еден лаком орел кој успеал да го грабне.

Кралот на Шумите го посакуваше за себе, а пак кралот на Елките беше убеден дека ги има истите права. Едно есенско утро се упатија и двајцата кај волшебникот Зеленко, кој живееше на крајот од шумата, затскриен од плотови и огромни дрвја. Коњите на двајцата владетели едвај се движеа низ непроодното трње додека тие самите со нивните мечеви ги сечеа грмушките за да си го направат патот прооден. Кога пристигнаа, еден гавран гракна за го најави нивното доаѓање. Потоа, им излезе во пресрет една куца лисица, која ги покани да почекаат во темната пештера. И тие почекаа таму. Кога им дојде редот, секој од нив љубезно го понудуваше другиот да оди прв и влегоа како пријатели во пештерата, каде што на светлината што доаѓаше од четирите големи жолти свеќи, седеше мудриот волшебник со дебелите книги пред себе.

Тој ги пречека сериозен, прекорувајќи ги:

-Постојано борби кај овој немирен планиниски народ!..Борби за еден беден камен!

-Не е заради алчност по богатството! – се правдаше кралот на Шумите. – Се работи за гордост.

-Се согласувам со мојот ривал! – извика кралот на Елките. Не сме желни за богатство, само сакаме да ги зачуваме скапоценостите што им припаѓаат со векови на нашите народи.

-За што се работи, овој пат?

-Станува збор за познатиот Блескав Аметист! Во дамнешни времиња нашите предци војувале многу и сега секој од нас го посакува кај себе.

***-Абрака – дабра!*** – волшебникот мрмореше неразбирливи зборови. Ги изгасна свеќите и сѐ потона во мракот. И тогаш, во темнината, се виде нешто како светка.

-Аметистот! – извикаа едногласно и алчно двајцата противници спремни да се нафрлат кон она што беше само привидение.

-Глупаци! Зар не гледате дека јас само го оживеав тоа сеќавање? Да не помисливте дека Аметистот е тука, во мојава пештера, и дека јас ќе ви го фрлам да си играте со него како со топка!?

Кралот на Шумите и кралот на Елките ги наведнаа главите, понижени, бидејќи дури и кралевите, кога ќе сфатат дека погрешиле, се засрамуваат.

Следеа други привиденија. Се чинеше како да излегуваат од една вочшебна ламба. И така, се појави еден крал со бодликава брада, со жарцрвена облека, доста сличен на нив двајцата, кој го тркалаше низ раце големиот скапоцен камен.

-Стариот крал на Животните – прошепоти волшебникот – вашиот заеднички предок.

Потоа се појави прекрасна фигура на млада темнокоса девојка, која во косата го носеше Блескавиот Аметист.

„Прекрасна е!“ – викнаа истовремено владетелите и помислија колку би биле радосни и горди нивните кралици кога би се закитиле со скапоценост како оваа.

-Зошто не го забележувате тажниот израз на нејзиното лице? – им рече волшебникот кој веќе им ги прочита мислите. – Оваа дама е убавата и несреќна кралица Бисера, која живееше под Долгкамен, опкружена од племето Гани, кои сакаа да ја омажат со кралот Спасе. Тоа беше најмоќната кралска двојка.

Нивното кралство се простираше на најживописниот дел на Долината на Езерата, а сепак Бисера беше несреќна.

-Но зошто? – прашаа двајцата љубопитни кралеви, заинтересирани за судбината на убавата кралица која владеела пред нив.

Пред сè, таа се заљубила во еден млад овчар, кој сакал да ја однесе долу во рамнината, на бреговите од езерата, каде што климата е поблага и сонцето потопло. Најмногу ѝ се допаѓаа песните, кои тој слатко ги пееше и свиреше. Но Ганите, едни од најстарите самовили и шумските духови од Долгкамен сакаа да ѝ го наметнат бракот со братучедот со цел Аметистот да не излезе од семејното наследство. Нејзиниот татко, војводата на Шумите, беше задоволен бидејќи сакаше неговата Бисера да стане кралица и така срцето на девојката беше скршено. Таа се помири и се омажи со кралот Спасе, но беше несреќна. Веднаш по свадбата избувна војна за Аметистот кој племињата го посакуваа за нивните штитеници. Спасе ја извојува победата, но кревката душа на Бисера беше ранета и таа набрзо почина.

-Болна е твојата приказна, о мудар и голем Зеленко, но тоа не значи дека каменот носи несреќа! – извика кралот на Елките.

Кралот на Шумите додаде:

-Смртта на убавата Бисера беше случајна. Не верувам дека таа може да му се припише на поседувањето на каменот!

-Тогаш добро, штом сте толку истрајни во вашата желба и сте одлучни да го освоите каменот, ќе ве подучам кој е најлесниот и најчесниот начин да стигнете до него.Треба да се украде од големиот Орел. Секој од вас нека се обиде за себе. Оној кој ќе победи ќе ја добие наградата.

Големи и мудри одекнуваа зборовите на сезнајниот волшебник, а двајцата натпреварувачи, среќни, се согласија.

-Добро. Скапоцениот камен ќе биде награда за храброста.

-Тогаш, еве ви го овој лист на кој е означен патот, опасностите и препреките што треба да се совладаат. Внимавајте на вештерките, кои поставуваат замки во шумите и меѓу карпите на Клисурата во Долгкамен; внимавајте на страшниот џин со камено срце и на птиците грабливки, кои го бранат нивното богатство. Но, пред сè, внимавајте на волшепствата и проклетствата во ноќите осветлени од месечината и на злобните џуџиња, кои подметнуваат опасни стапици.

-Благодарам, о моќен Зеленко, за твоите совети и предупредувања.

Се поклонија и излегоа.

*        *        *

Кога се вратија дома, во темните пештери за да се подготват за новите потфати и повторното заминување и двајцата дознаа дека за време на нивното кратко отсуство се родил долгоочекуваниот наследник и тоа само ја зголеми желбата за скапоцениот камен.

Кралот на Елките виде во лулката едно убаво бебе на кое му го даде името Златко бидејќи тоа име во тој момент би му донело среќа. Тој мислеше на сјајот на скапоцените камења, а не на сончевиот сјај. Веруваше дека малиот Златко треба да го има на својата крштевка величествениот Аметист, кој би го исполнил кралскиот дворец со блескава светлина.

Неговата сопруга, милата кралица Снежана, бесполезно се трудеше да го одврати од намерата и да го задржи дома. Кралот на Елките беше цврсто одлучен да замине. А тоа и го стори. И фрлајќи еден поглед кон детето, рече:

-Ќе го крстиме кога ќе се вратам. Колку ли време ќе помине дотогаш!...

Кралот на Шумите, пак, најде во прегратките на својата сопруга едно прекрасно девојченце, кое ги отвори крупните црни очи.

-Бисера! -... несвесно извика.

-Ова девојче ќе личи на убавата кралица, со кафена коса и кадифени очи. Таа мора да го има Блескавиот Аметист. Како би ѝ прилегал на сјајните црни коси!.. Мила моја женичке, заминувам веднаш да го освојам!

Пред да замине, се погрижи за крштевката на малечката, на која ѝ го даде убавото име од Долината на Езерата, велејќи им на сите дека тоа име носи среќа. А потоа веднаш замина.

Поминаа години. Колку беше тажно детството на Златко и на Бисера, двајцата сами со мајките, во постојана грижаза отсутниот татко! Бисера беше едно нежно и кротко девојче, но секогаш тажна бидејќи ѝ недостигаше сонцето.

-Мамо, зошто живееме под земја? Јас сакам да одам надвор, да уживам во светлината и на благопријатниот воздух!

-Но, што знаеш ти, малечка моја?.. Никој никогаш не ти зборувал за тоа!

-На сон, мамичке, гледам сино и блескаво небо и прекрасни рамнини.

Тоа беше другата Бисера, онаа која умрела од љубов по нејзиниот овчар – пејач, која ѝ доаѓаше на сон и ѝ ги покажуваше цветните рамнини, езерата и синото небо.

Нејзината коса не беше воопшто кафена, како што нејзиниот татко беше предвидел, туку руса, како во неа да беа заробени сончевите зраци. Таа велеше:

- Ако останам тука во мракот, мојата коса ќе поцрне и ќе огрди!

- Издржи, детенце! Да го почекаме враќањето на твојот татко и ќе добиеш чудесен подарок со кој ќе ги заборавиш сите твои страдања.

Така велеше мајка ѝ Лаура за да ја утеши. А мрмотите што ја опкружуваа, послушни како млади дворјани, пееја во хор :

*Скапоцениот камен*
*веќе го гледаме на твојата глава*
*и татко ти замина да го освои,*
*кој, за да бидеш среќна, сè дава.*

И пророштвото на мрмотите се исполни.

Еден ден, одозгора се слушна звук на труби. Се отвори тешката врата во дабот, преку која се влегуваше во двете кралства, и на врвот на скалите се појави кралот на Шумите, опкружен со неговите коњаници. Неговото лице зрачеше од радост, додека во рацете носеше нешто што блескаше.

- Сонцето! –воскликна девојчето кое веќе имаше десет години и беше убаво како малечка нимфа.

- Подобро од сонцето! –извикаа многумина. –Сонцето е за сите, а Блескавиот Аметист ѝ припаѓа само на Бисера!

Големо беше разочарувањето на девојченцето, успокоено во татковата прегратка.

- Колку си убава, моја малечка Бисера! Ги надмина и зборовите со кои те опишуваа!...Големите црни очи прават прекрасен контраст на позлатените руси коси.

И кралот веднаш додаде:

- Ќе биде потребно многу злато за да ги покрие тие коси! А кога ќе се омажиш, на главата ќе го носиш Блескавиот Аметист.

Кога ќе се мажиш...

Овие зборови ја растажија Бисера која беше едно девојче што посакуваше само да ужива во своето детство, кое дотогаш беше многу тажно.

Додека кралот на Шумите радосно се враќаше во неговиот дом, кралот на Елките го очекуваше едно тажно изненадување.

Тој, иако поразен, се врати дома со крената глава бидејќи знаеше дека се борел достојно и ја зачувал честа. Ривалот ја совлада последната препрека, но сè дотогаш тој беше побрз и поснаодлив. Дури и болката поради загубата на скапоцениот камен беше ублажена од договорот склучен меѓу него и победникот. Но за ова ќе ви зборувам подоцна.

Враќајќи се смирен во кралството, го пресретна кралицата Снежана со насолзени очи.

- Што се случило, женичке моја? Зошто ме дочекуваш така тажна? Се разочара ли од поразот? Но слушни ме! Аметистот... – не можеше да продолжи. Нежната Снежана го изгуби трпението.

- Каква разочараност!... Проклето богатство!... Ќе беше многу подобро никогаш да не заминеше!... Нашиот Златко избега од дома!...

- Што зборуваш?...

- Тој не можеше да се помири со фактот дека не е крстен. Се чувствуваше како мало животно, им се измолкна на џуџињата и избега. Отиде да живее со овчарите кои веднаш го крстија.

- А каде е сега?

- Не знам – плачеше кралицата.

- Нека се пребараат Алпите и нека ечи рогот низ целата Долина на Езерата. Мојот син е верен за најубавата и најбогатата принцеза!

- Верен?! На десет години! – извика гневна кралицата. –Згора на сè, ти си му договорил брак!?... Од каде знаеш дали нему ќе му се допадне?

- Сигурно ќе му се допадне. Прекрасна е, со златести коси и блескави црни очи! Па... слушни ме, мила моја, таа како чеиз ќе го донесе Блескавиот Камен.

- Проклети да се тие камења! – повторно викна кралицата. – И нејзините златни коси и блескавите очи!... Никогаш нема да дозволам такво нешто бидејќи страдавме премногу заради скапоцените камења! Златко треба да ужива во неговото детство и младост, а кога ќе сака и ако сака, ќе се ожени со девојка што тој ќе си ја избере.

Снежана беше решителна и мудра, како што гледате, и покрај тоа што знаеше каде е скривалиштето на син ѝ, одлучи никогаш да не му го открие на сопругот.

* * *

- Послушај го мојот совет, малечка Бисера. Те поттикнувам да се спротивставиш бидејќи јас самата многу страдав. Утре полниш 18 години. Кога ќе се отворат портите за прием на поканетите на забавата, искористи го невниманието на мрмотите и побегни! Ќе ги видиш ѕвездите, кои не ги познаваш, ќе прошеташ низ шумите, дишејќи свеж воздух и ќе присуствуваш на чудесното раѓање на зората.

Така на русата Бисера во сон ѝ зборуваше една дама со кафени коси, која живееше пред многу векови. А девојката ѝ одговори:

- Ќе те послушам. Ти си мој предок и мудра си. Уморна сум од животот во овој метален и студен раскош, којшто ми штети на видот, ми здодеа да го слушам татко ми како зборува за богатства и не можам, а да не се спротивставам на помислата дека утре треба да изберам маж од младите благородници, кои ќе дојдат тука. Всушност, верна сум на споменот на момчето од соништата, кој сакаа да ми го наметнат кога бев малечка. Тој исчезна и тоа ме направи посреќна и ме ослободи од еден кошмар. Но сега повеќе сакам да верувам дека сè уште сум верена со тоа непостоечко момче отколку да ја изгубам мојата слобода.

Така ѝ одговори Бисера, која беше млада, весела и во исто време романтична. Желна само за сонце, за чист воздух и за слобода, најпосле одлучи дека е подобро да му остане верна на споменот на некој што починал, избегнувајќи ја така свадбата. Сега кога нејзината претходничка ѝ го покажа патот за бегство, таа одлучи повеќе да не се колеба.

Следниот ден сè се одвиваше како што двете Бисери испланираа. Девојката, во најубавиот дел од забавата, успеа да избега преку вратата во дабот и се најде надвор, во еден свет, нов за неа. Замислете како изгледа небото проткаено со ѕвезди за оној што никогаш го нема видено.

Бисера стоеше возбудена и им се обраќаше на ѕвездите велејќи:

- Прекрасни сте. А ние го чуваме со толкава грижа Аметистот, а тој е толку мал и незначаен во споредба со вас.

Ги испружи рацете како да сака да ја прегрне целата таа убавина, тој воздух. А пак, ѕвездите од височините нежно ѝ зборуваа:

- Не се задржувај! Забрзај го чекорот ако не сакаш да те стигнат. Симни се, русокоса Бисеро, оди низ долината, кон полето...Собирај ги цвеќињата, кои толку многу ги сакаш, оди меѓу белите јагниња и овчарите, кои имаат скромно срце и не знаат за скапоцени камења.

Девојката ги послуша и побрза, потонувајќи во младата трева и дишејќи со полни гради. Ја гаснеше жедта на изворите, јадеше јаготки од рака, а не како дотогаш од златни чинии. Кога беше многу далеку од татковата куќа, таа си дозволи кус одмор. Спиеше нешто повеќе од еден час кога една розеникава светлина ја разбуди.

- Опалот– мрмореше во полусон – Рубините..

- Што се тоа? – ја праша едно дете кое застана до неа со својата овчичка.

Таа се насмевна и праша – Каде сум?

На шумските пасишта – ѝ одговори. – Ние сме сите овчари. А ти, која си?

Девојката не одговори бидејќи новиот амбиент ја воодушевуваше, ја восхитуваше. Зората зацрвенуваше сè, планинските врвови, ливадите, и полека полека, светлината станувaше сè посилна, а потоа, и позлатеста.

- Сонцето! – извика таа и мораше да си ги покрие очите. И падна речиси онесвестена на тревата.

Но се созема благодарение на една преубава песна, чу стихови испеани од еден продорен глас:

*Жедни за светлина,*
*Штурците го отвораат концертот,*
*Грандиозно, едногласно,*
*Летната симфонија се шири по небото.*
*Стеблата влажни од роса,*
*Треперат во свежото и бистро утро*
*Како да мавтаат поздравувајќи по патот*

-Кој пее толку убаво? – го праша детето.

-Тоа е еден овчар, музичар и поет.

Бисера со радост го слушаше, но не се помрдна од тоа место, со денови седеше сокриена и не сакаше никого да сретне. Мораше сама полека да се навикне на новото место.

Малечкиот Борјан, така се викаше момченцето, ѝ носеше за јадење. Бисера ги извади од себе сите скапоцени камења, облеката ја износи и така не личеше веќе на принцеза. Одлучи да отиде до колибата и да ги замоли овчарите да живее со нив. Една вечер, додека уживаше слушајќи ја вообичаената песна, дојде до неа еден млад и убав овчар со лице поцрнето од сонцето.

- Добредојде меѓу нас, преубава туѓинке!

Бисера го препозна неговиот мелодичен глас.

- Ти ли си пејачот?

- Да - одговори тој. – ти се допаѓаат моите песни?

- Премногу! Уживав, деновиве!

- Но од каде доаѓаш?

- Од австриската граница – излажа. Татко ми е земјоделец, но јас сакав да дојдам и да ги гледам овците. Ме сакате ли меѓу вас?

-Со задоволство! – рече тој. Но ти ми личиш на принцеза!

Таа се насмевна како тоа да беше нешто бесмислено и заедно со новиот пријател отиде во колибата каде ги запозна и другите овчари.

Така започна нејзиниот нов живот.

Колку убави денови помина Бисера со другите девојки зборувајќи за многу едноставни работи и колку ли беше среќна што можеше да се симне и да ги види езерата, рамнините и сето она за кое отсекогаш сонуваше.

Но најмногу од сè ѝ се допаѓаше да го гледа сонцето и сите ѝ велеа:

-Ги зароби неговите зраците во твоите коси..

Многу млади овчари почнаа да ѝ се додворуваат на убавата туѓинка, но таа најмногу од сите го сакаше младиот пејач и неговото друштво ѝ годеше. Нивното пријателство беше убаво затоа што се сложуваа во сè. Имаа ист вкус, иста љубов за сонцето и слободата.

Тој, понекогаш, изчезнуваше на неколку денови,а тоа ја растажуваше Бисера.

- Таинствен си, Борко. Можеби имаш некоја девојка што ја сакаш и што одиш да ја видиш?

- А, не... Моето срце е слободно.

Бисера, без да забележи, воздивнуваше со олеснување. Но отсуствата на Борко се повторуваа и таа се растажуваше. Конечно еден ден, по толку време поминато заедно, тој ѝ се довери:

- Кога исчезнувам, ја посетувам мајка ми.

- Зошто? Каде е таа?

Далеку оттука. Но нашите средби се тајни, секогаш на различни места.

- А зошто?

- Избегав од дома бидејќи татко ми сакаше да направам нешто што не ми се допаѓа и сакаше да се оженам со девојка што тој ја избра.

- Ох, колку лошо! Се сочувствувам од срце.

Бисера беше спремна да му се довери, но си ја гризна усната и ја зачува својата тајна.

Едно утро, враќајќи се по краткото отсутство, Борко ѝ рече:

- Замисли си, и девојката за која требаше да се оженам избегала.

-Навистина?

- Да, нејзините ја бараат насекаде.

Бисера се растажи бидејќи се исплаши дека бегалката може, под чудни околности, да дојде меѓу нив и да го освои срцето на овчарот.

- Посакувам да останеше во татковата куќа и да се омажеше – рече.

- Зошто? Што те засега тебе таа? – извика тој, изненаден.

- Само онака реков – промрмори младата девојка.

Од тој момент таа немаше повеќе мир. Беше убедена дека вереничката на Борко избегала за да го пронајде и се плашеше дека ќе се појави во секој момент. Нејзиниот пријател ја забележа промената на нејзиното расположение и често ја прашуваше за тоа.

- Тажна си, неспокојна. Но, зошто? Изгледа како да чекаш некого. Можеби твојот сакан?

- Ах не, се плашам дека ќе дојде тука девојката која сакаше да се омажи за тебе и тогаш ќе заврши нашето нежно пријателство!

Промрмори така, наведнувајќи го погледот кон тревата и поцрвенувајќи во лицето. Овие зборови го освестија младиот овчар, кој сè до тој момент мислеше само на своите песни и кој гледаше во Бисера само мила пријателка.

- Нашето пријателство ќе биде вечно, Бисерче! Но, не е само пријателство, љубов е. Ќе бидеш моја невеста, златокоса и црноока девојко, која се појави одненадеж во животот мој!

- Ах, Борко, само ти ме разбирш. Со твоите убави песни ги разбуди во мене најубавите чувства.

Така двајцата млади овчари се верија и прославија на пасиштата.

Една вечер Борко се врати од средбата со мајка му обземен од силни емоции...

- Бисера, мајка ми сака да те запознае и да ти даде благослов.

- Кога ќе ме однесеш кај неа?

- Уште утре. Средбата е во шумата во подножјето на планината..

Така, следниот ден, двајцата вереници отидоа да се сретнат со добрата мајка која всушност беше самата кралица, преправена.

Одејќи по патот, долго зборуваа и наизменично си раскажуваа многу работи. Бисера му се довери на Борко дека и таа беше, бар така да се рече, верена.

- Но со починат! – извика, полунасмевната и малку тажна.

- Тоа беше едно преубаво момче, кое мистериозно исчезна. Отпрвин бев задоволна, но подоцна ти признавам дека често мечтаев по него и го замислував како млад бог.

Така зборуваше Бисера и не забележуваше дека Борко заинтересирано ги следеше нејзините зборови.

- Исчезнал кога бил момче? Зошто никогаш не си ми раскажала за него? Не знам ништо за твоето минато, Бисера.

Таа воздивна.

- Имаш право. Но ќе зборувам пред мајка ти. Ќе има разбирање?

- Секако. Таа ме штити и не му кажува на татко ми каде се наоѓам.

- Верувај ми, Борко. И јас побегнав од дома скришно. И не сум од Австрија, туку од Долината на Езерата.

- Ми кажуваше твоето име – извика тој.

Во меѓувреме, пристигнаа... Добрата госпоѓа им дојде во пресрет, но веднаш, на прв поглед, Бисера препозна во неа жена благородничка. Клекна пред неа барајќи ѝ благослов.

- Русокоса со црни очи и изглед на принцеза. Ох, Златко, таа наликува токму на онаа со која требаше да се ожениш.

- Златко – викна гласно девојката –зарем не се викаш Борко?

- Извини Бисера, тоа е името што го добив меѓу овчарите.

- Златко е името на изгубеното момче, синот на кралот на Елките, мојот сонуван вереник –извика таа, трогната.

На знак на кралицата Снежана, се појавија виленици, пажови, слуги, кои извикаа во хор:

- Да живеат принцот Златко и принцезата Бисера. Кралот на Шумите и кралот на Елките се израдуваа за среќата на нивните пронајдени дечиња. Судбината се исполни и младите сами одлучија да се венчаат како што нивните татковци посакуваа.

Така целиот планински народ ракоплескаше и набрзо пристигнаа двата крала, со радосни лица спремни за прошка.

Откако ја направија свадбата како што им доликува на кралевите, младоженците отидоа да живеат надвор од подземните кралства, во една едноставна и убава куќарка покрај езеро.

Кога останаа сами, Бисера веднаш го извади од русите коси Блескавиот Аметист.

- Тоа е свадбен подарок од татко ми, но ни причини толку зло. Сакам да се ослободам од него, Златко!

- Не сакам повеќе да видам никаков скапоцен камен, ниту злато – одговори тој подготвено.

Се сложија и смеејќи се истрчаа надвор. Се искачија на врвот на една планина и го фрлија големиот скапоцен камен во зелената бездна.

И тогаш се случи чудо. Блескавиот Аметист се скрши и се распарчи на најситни делчиња кои се претворија во цветови. Ѕвездите, со нивната бледа светлина, ги изгаснаа распламтените одблесоци и им дадоа кревкост, нежност и сјај на цвеќињата, кои ја добија бојата на каменот.

Сите алпски ливади беа попрскани од новите розововиолетови цвеќиња, кои стоеја исправено на своето стебленце.

Бисера и Златко воскликнаа од радост и изненадување.

- Никогаш повеќе скапоцени камења! Наместо нив, цвеќиња што ги радуваат срцето и погледот!

Тие цвеќиња беа наречени мразовци и цветаа секогаш на алпските ливади и на сите им ја раскажуваа приказната за Блескавиот Аметист, за принцот и за принцезата.

## *Анемони*

- Го чекаме враќањето на ластовиците за да прославиме! – изјави ќосот кој се сметаше за најугледен.

- Но пеењето? – светулката ја запраша тивко мравката – ќе му го довериме на славејчето или на ќосот?

- Тешко е да се одлучи! Но јас не се се разбирам во тоа за да можам да дадам совет, а освен тоа имам работа! – и мравката си замина за да пазарува.

Пеперутките се дотеруваа, бидејќи мораа да одат на игранка и поради тоа не дадоа одговор.

Бумбарот кој се обидуваше да си ја светне обвивката рече: - Јас сум мал. Не давам совети!

Штурецот негодуваше:

- Кри, кри! Зошто не помисливте на мене и јас умеам да пеам?

Тогаш на светулката навистина ѝ здодеа:

- Сите се себични!... Никој не презема одговорност! Кој треба да пее?

- Секој за себе гледа. – рече тажно полжавчет, кое се будеше во тој момент. Сега ќе видите дека ќе избувне караница меѓу славејот и ќосот!

Таткото врабец, кој беше презафатен чешлајќи ги своите малечки додека мајката го подготвуваше појадокот, рече:

- Ве молам! Да не зборуваме за караници, зашто преку глава ми е од озборувања, после сè она што го направија оние досадни скакулци со нивната вообразеност.

Една зборлеста, шаренолика врабица интервенираше:

- Се работи за славејот! Господи Боже! Ви се чини озборување? Поетот? Тој, кој толку вреди и е толку скромен? Да не сте ни помислиле! Ако го поканат, ќе пее за да ни приреди задоволство, но сигурно тој не е тип кој сака да се истакнува! Ќосот пак, да. Не велам дека и тој не е добар уметник и дека нема мелодичен глас, но е вообразен. И тоа многу!

- Ох, колку долг разговор! – изјави вознемирено штурецот, - а мене не ме ни приметува дека постојам, таа озборувачка шаренолика врабица.

- Мене озборувачка! Ќе ти дадам јас тебе озборувачка! Грдо,црно чудовиште!

- Доста! Престанете! Ова веќе не е ливада, туку пазар! – налутено извика старата бука, која до тој момент молчеше.

-Зошто правите така? – рече нежно една мала сина пеперутка затресувајќи ги своите прекрасни крилја.

- Сите би морале да останеме сложни и да го пречекаме како благослов пристигнувањето на пролетта. А ние што правиме?

На овие неочекувани зборови одекна силна смеа.

- Слушај кој зборува!... Пеперутката!... Најлекомисленото суштество коешто постои! Сега си дозволува да биде мудра! Ах, ах!

Овојпат сите се сложија и силно се смееа. Кутрото небесносино суштество, кое изрази една толку мирољубива мисла, се почувствува лошо.

Во разговорот се вклучи и една друга прекрасна, црвеникаво-виолетова пеперутка велејќи:

- Но ние немаме ли право на наше мислење?... Нашата малечка даде убав совет. Зошто ѝ се потсмевате?

-Пеперутки, пеперутки! Празноглави! –рече врабецот презирно.

- Тоа го велат и луѓето! – се приклучи штурецот – Кога се сака да се каже дека некој е лекомислен, тогаш се споредува со пеперутката.

Сите други го поддржаа. Дури и светулката која е добра и љубезна, забележа:

- Токму така! Вие мислите само како да бидете убави. Потоа летате заедно без да размислувате.

- Слободни како ветерот! – додаде вредната мравка. Немате обврски како што имаме сите ние.

- Не ткаете ниту мрежа – рече пајакот. - Вие сте како оние мрзливи девојки кои никогаш ништо не работат.

Кутри пеперутки! Ве уверувам дека се почувствуваа многу лошо. Не одговорија ништо. Летаа заедно како што рече светулката, но овојпат сите беа собрани и замислени!... Всушност, застанаа на една леа и се советуваа.

- Нѐ омаловажуваат! Да ја преиспитаме нашата совест. Навистина ли сме толку бескорисни и самобендисани?

„Бескорисни сме?
Премногу сме убави?
Правиме ли лошо што летаме цел ден?
Што добро би можеле да направиме?“

Секоја пеперутка грижливо го свитка ливчето со прашања и го сокри под крилјата. И си заминаа премногу сериозни и тажни што не беше својствено за нив.

И тогаш, низ небото прелетаа ластовиците брзи како стрели, а на ливадата се слушнаа радосни извици.

- Доаѓаат! Добредојдовте ластовички !

Пристигнаа долгоочекуваните, полни со интересни новости, среќни што го најдоа своето гнездо. Голем пречек, голема веселба на сите страни.

- Колку пораснале ластовичињата! Веќе се подготвени за училиште! Но, добро!

- Добро те најдовме црвенка! Како ти е болното крило?

- Добро, добро!

- Драг штурецу! Го научи ли и штурчето да пее?

- Секако! А знаете ли дека ќерката на зелениот гуштер се омажи оваа зима?

- Ах, навистина?... Каква вест! Не знаевме ништо!

Додека го средуваа гнездото и ги распакуваа нивните малечки куфери, ластовичките ги слушаа новостите и се распрашуваа за сите соседи.

Во еден миг една од нив праша:

- Не се појави ниедна пеперутка.Зошто?

- Се навредија и се оддалечија.

И ластовичките се смееја за случката со навредените пеперутки, така беа навикнати сите, да не ги сметаат за ништо.

Набргу се заборави на тоа и се зборуваше за забавата, која требаше да се приреди во чест на скорешното доаѓање на пролетта.

Се одлучи ќосот да го води оркестарот и да изведе една нумера, а потоа во најважниот дел на вечерта ќе се чуе пракрасниот пој на славејот. И штурците, во поволен момент, ќе ја изведат нивната мала серенада. На

веселбата ќе учествуваат и светулките со златните ламби, бумбарите со сјајните костуми, а пред сите, шарените пеперутки, ќе требаше да заиграат еден танц.

Но никој, дури ни оддалеку не помисли дека пеперутките би можеле да не се вратат повеќе меѓу нив.

И така и се случи.

Кутрите, понижени и повредени, се беа собрале на леата далеку од ливадата, каде беа искарани. Секоја од нив даде одговор на различните прашања кои си ги поставија. А една убава пеперутка, со неодредена боја меѓу розова и жолта, ги прочита гласно.

- За жал, бескорисни сме. Но штом Господ нè создал тогаш и ние служиме за нешто.

- Многу сме убави, сите го кажуваат тоа. Но тоа не е наша вина. Можеби другите несвесно ни завидуваат на нашата грациозност и се преправаат дека нè презираат.

-Уморни сме да летаме цел ден. Всушност, повеќе би сакале да се одмориме на тревата или пак и ние да свиеме гнездо.

- Би сакале да направиме нешто добро, но не знаеме што. Можеби би можеле да ја искористиме нашата убавина за да ги развеселиме луѓето. Но ни пречи кога дечињата нè фаќаат и нè измачуваат.

Сите едногласно одлучија да не се враќаат веднаш на ливадата, туку трпеливо да почекаат некој да им го покаже најдобриот пат.

- Колку убави цвеќиња! – во еден миг се чу некој глас. А потоа следеа и други гласови.

- Прекрасна е оваа леа. Вчера немаше толку убави цветни венчиња.

Пеперутките се завртеа изненадени. Видоа луѓе со радосни лица, кои им се восхитуваа. Не се осмелуваа да ги допрат и си велеа меѓу нив:

- Колку нежни цветови !... Личат на крилја!... Крилја на пеперутки!

Лекомислените животинки сфатија и почувствуваа силна радост. Луѓето уживаа гледајќи ги како ја украсуваат градината мислејќи дека се цвеќиња. Ги сметаа, можеби, за нежни предвеснички на Пролетта.

- Нашата убавина е подарок за човековите очи. Ако ние престанеме да летаме, ќе ги развеселуваме градините, ќе нè берат и ќе ги красиме и домовите.

- Но, би морале да се откажеме од слободата?

- И нема повеќе да летаме со ветрот?

- Но и нема да гориме на сонцето.

- Повеќе нема да бидеме осудувани како лекомислени и бескорисни.

- Ќе им пружиме задоволство на оние, кои ги љубат цвеќињата.

Додека си зборуваа така, се чу треперење на воздухот, се крена ветерот, а во него лебдеше едно убаво и насмеано суштество кое рече:

- Ги чув вашите разговори, пеперутчиња. Ако сте спремни да се откажете од слободата, ќе ве претворам во цвеќиња. Ќе бидете навистина мои гласнички на земјата.

- Пролетта! – викнаа во хор. – Ах, да, господарке Пролет, претвори нè во цветни венчиња!

Пролетта плесна со дланките и тие се преобразија. Потоа, насмевнувајќи се рече:

- Ќе се викате анемони. А тоа значи, ветер. И ќе цветате особено на местата каде што дува ветрот, токму во периодот кога дува западното ветре.

Така анемоните, чии бои се прелеваа од црвена кон виолетова и од златна до бледорозова, обвиени со слаба меланхолија, во сеќавање на изгубената слобода, се чини ги одразуваат нашите сништа, толку слатки и куси сништа.

- Заршив со една пролетна бајка, иако сме септември! – се насмевна Детелинко. - Се наближува тажната есен.

- Тоа е поетско годишно време – забележа Мирела – одекнуваат песните на гроздоберачите, сè се бојадисува во виолетово и голем спокој царува на земјата.

- Во домовите се палат огништата – додаде Лило. А тоа успокојува и радува.

- И за нас е пријатно – изјавија Чкртко и Праменко. – Покрај огништето ќе уживаме во топлината на домот.

- Последните приказни ќе ги раскажеме покрај огнот – вети Детелинко. Кога ќе биде навистина студено. Сега ѝ го отстапувам местото на другата раскажувачка. Оваа вечер ве поздравувам драги мои!

И исчезна, ѕунејќи како што си имаше обичај, во миговите кога Месечината заоѓаше.

- А ние ќе се подготвуваме за гроздоберот – рекоа двете дечиња.

- Јас имам малку работа – значајно изјави врабецот витез. – Морам да ги поздравам моите добри пријателки ластовичките, кои заминуваат!

И групата се разотиде, ветувајќи си дека набргу повторно ќе се сретнат.

## *Приказните на есенското облаче*

Есенската месечина беше обвиткана од еден светол круг, кој ја правеше повпечатлива и потаинствена. Воздухот беше свеж, можеби навестуваше дожд.

Еден лесен облак прелетуваше на небото, застана за миг и почна да им зборува на дечињата и на нивните пријатели:

- Трчам, како што гледате, поттурнат од ветрот, и никогаш не сум изморен. Но овојпат сакам да застанам и да поседам малку со вас, мали суштества. Посакувам да ви ја откријам магијата на ова годишно време, кое ги подарува последните убавини на земјата и сакам и јас да ви раскажам некоја приказна.

- Зборувај, мило облаче! Слушаме внимателно!

Чкртко го зеде повторно перото во својата рака и облачето почна да раскажува.

## *Циклами*

Си беше еднаш еден мал принц убав како ангел, но беше болен од една неизлечива и чудна болест: досадата. Тој беше уморен, му се беше здосадило од неговото кралство со мермерни сводови, од неговите прекрасни играчки и од неговите дворјани облечени во син сомот.

- Што сакаш? – го прашуваа неспокојно неговите родители.

- Ништо. Досадно ми е.

Ја губеше силата и стануваше блед и слаб. Го одведоа во убавата кралска вила опкружена со грижливо негувани градини, каде што цутеа најретките цвеќиња, но принцот се досадуваше подеднакво. И тогаш лекарите од дворот, собрани да се посоветуваат, рекоа:

- Малиот крал треба да оди на село. Без правила и без дворјани! Потребен му е здрав живот на село.

Така малиот русокос принц замина недоверливо во едно пријатно село во шумата. Го пречека една стара куќа, луѓето од селото и му се насмевна безгрижната слобода да трча сам во зеленилото.

Каква радост за него!... Детето го набљудуваше зачудено изгревот и залезот на сонцето, ги собираше цвеќињата од полето и зрелите плодови, трчаше меѓу грмушките и лозјето без запирање или без некакви забрани.

И еден ден навлезе сам во шумата. Застана како маѓепсан: никогаш не му се беше појавило вакво убаво зеленило. И илјадници и илјадници гласови се чинеше дека шепотат околу него. Да не беше некоја распеана фонтана? Да не беа крошните растреперени од тивкото ветре? Кој знае!

Детето помисли дека тоа беа самовилите од шумата што шепотат меѓу гранките и им се обрати нежно:

- Убави самовили, појавете се!

Тишина.

Малиот принц, навикнат да му биде задоволена секоја желба, се врати таа вечер намуртен. Но следниот ден и уште многу други потоа, се враќаше во шумата и неговата молитва одекнуваше преколнувајќи:

- Самовили, појавете се!

И молитвата ја трогна малата Циклама, најмладата, најмилата меѓу самовилите од шумата. Сестрите залудно се обидоа да ја разубедат.

- Цикламичке, ти сакаш да умреш? Не знаеш ли дека ако една од нас се појави пред човек ќе биде осудена да исчезне, да се помеша со изворите, со цвеќињата? Кусо време ќе можеш да го усреќиш момчето, а потоа ќе те снема.

Цикламичката молчеше. Но копнееше од љубов по русокосото момче, да ја задоволи својата детска желба. И не ги послуша сестрите. На едно септемвриско зајдисонце принцот минуваше низ шумата повторувајќи го вообичаениот повик:

- Самовили, појавете се!

И тогаш слушна еден пресладок глас.

- Ќе те усреќам принцу.

На светлината на денот што одминуваше одеднаш изникна еден замок со назабени кули, замок што се чинеше дека е создаден од зраците на зајдисонцето затоа што блескаше во бои кои се прелеваа меѓу виолетово и розово. На неговите тераси танцуваше, нежна како трска, една девојка со чудесна убавина, облечена и таа, во боите на зајдисонцето. Имаше нежно лице, темновиолетови очи полни со сладост.

Момчето ѝ се восхитуваше долго на убавата глетка сѐ додека не исчезна. Се враќаше секој ден на зајдисонце во шумата и стана пријател на малата самовила, која му раскажуваше илјадници нежни работи со својот милозвучен глас.

- Јас не сакам повеќе да те напуштам! – велеше момчето. Кога ќе се вратам во моето кралство, ќе дојдеш ли со мене?

- Да, мал принцу, секогаш ќе бидам со тебе!

- Ќе бидеш другарка во моето учење, во моите игри, а потоа еден ден... ќе станеш моја сопруга!

Убавите очи на Цикламичката одобруваа, но срцето ја болеше, затоа што мислеше дека набргу нејзиниот кус живот ќе заврши, а саканото момче ќе страда!

- Што ли ќе прави без мене? – се прашуваше милосливата самовила. И не ѝ беше жал за себе, туку за нејзиниот малечок пријател.

Помина и септември. Малиот принц веќе беше закрепнат и посреќен, па родителите мислеа дека е дојден моментот да го продолжи школувањето.

Кога го прашаа, момчето одговори:

- Веќе ми е здосадено од полињата и шумите! Сакам да се вратам во кралството, на мојот живот, на моите пријатели!

Малечкиот разгаленко повеќе не ги сакаше зеленилото и слободата на село, туку го сакаше својот кралски живот.

Се сети на ветувањето што ѝ го даде на Цикламичката и воздивна здосадено:

- Како ли ќе живеам со самовила во моето кралство? Треба да ја убедам да остане тука!...

Неколку денови, зафатен со подготовките за заминување, не отиде ниту во шумата.

Цикламичката залудно го чекаше. И така, на едно убаво и јасно зајдисонце, нејзината болна судбина се оствари, во плачот на сестрите самовили нежната девојка исчезна. Малиот крал пристигна во тој момент. Беше дошол да се поздрави за последен пат со Цикламичката, но залудно ја повикуваше.

- Каде ли отишла?... Зошто се крие? – извика налутено.

Одеднаш забележа дека целата шума беше проткаена со цвеќиња, никогаш видени дотогаш, мали свежи цвеќиња што ја имаа бојата на фустаните, на косата, на лицето на Цикламичката. Цветаа во тревата кревајќи ја мирисната круничка.

Момчето ги погледна, но не набра ниту едно! Малечкиот заборавенко беше нестрплив да си оди. Викна уште еднаш:

- Цикламичке!

Потоа кревајќи ги рамениците се оддалечи набрзина.

По неколку години еден млад крал шеташе во шумата со својата сопруга.

- Бев разгалено и чудно дете – ѝ раскажуваше. – Еднаш ме доведоа овде затоа што бев уморен од животот во дворецот. И јас мечтаев, замисли си, да видам самовила!

Убавата кралица се насмеа од срце.

-Колку чудна мечта! Како ти дојдоа на ум самовили? – Потоа млади циклами го привлекоа нејзиниот поглед. Колку нежни цвеќиња! – извика.
И така, радосно смеејќи се, ги набраа од земјата и направија букетчиња.

Малото срце на Цикламичката се кинеше од тага.

## *Приказни за покрај огниште*

Есенските приказни ги замислија и растажија децата.

- Облаку, тажни се твоите приказни.

-Тагата е дел од животот и од природата – мудро одговори малиот облак – Но поезијата не би била поезија, дечиња, кога не би ве разнежнила и растажила. Затоа сакајте ја есента. Наскоро не ќе можете да останете на отворено, ќе ја почувствувате со задоволство топлината на домот и ќе се соберете во очекување на најсветиот празник.

Облакот се распрсна, растеран од ветрот. Се нижеа дождливи денови.
И една вечер, додека Лило и Мирела ги набљудуваа разиграните искри на огнот, а мачињата весело предеа, неочекувано, поразигран, поблескав од кога и да е, се појави... Дeтелинко! Овојпат се симнуваше од врвот на огништето, а неговиот зелен костум блескаше со црвен отсјај.

- На нозе, пријатели! Декември е! Бидете весели зашто се ближи Божиќ и Нова година!

- Да живее Детелинко! Ни носи добри вести – викаа сите.

- Ќе ви раскажам весели приказни, приказни, кои се слушаат покрај огништето.

И гледајќи ја светлината, која ја красеше божиќната имела извика :

-Седнете и ставете ги костените да се испечат.

# *Мимози*

Беше првиот ден од годината: кралицата Аурора ги примаше честитките од нејзините млади поданички, во сала со таван украсен со скапоцени камења, во една весела и празнична атмосфера.

Како ја замислувате Новата година на самовилите?... Мислите дека се забавуваат и си разменуваат раскошни подароци?

Не, деца мои. Нежните суштества се поклонуваа пред престолот за да ѝ го раскажат на кралицата сето вредно и добро што го направиле во текот на годината.

-Што стори ти, Зоричке, за светот?

-А ти, Бисерке, какво добро му приреди на човештвото?

-А пак ти, Насмеанке, ја разлеа твојата несопирлива радост?

-Ти, Црешичке, ги израдува ли децата со твоите црвени плодови?

Милозливо, ги прашуваше убавата кралица, а тие одговораа една по една, со глас кој оддаваше почит.

- Годината добро помина, мои млади сестри. Ви дозволувам утре да се вратите на земјата, каде што сте многу потребни. Бидете секогаш добри, наклонети кон несреќните, нежни и весели со децата! Нека Новата година биде светла за вас и за вашите штитеници!

Така зборуваше кралицата Аурора, а на нејзиниот знак започнаа веселите танци. Играјќи, самовилите си разменуваа свежи венчиња од цветови и пееја со хармоничен глас. Беше претстава од која блескаше грациозност и убавина, а кралицата се смееше задоволно.

Но тогаш една мала самовила, срамежлива и исплашена се упати кон престолот, се поклони ставајќи до знаење дека сака да каже нешто.

- Мимоза, ти?... Што правиш тука, малечка? Оди да си играш со твоите врснички! – кажа изненадено.

Всушност таа беше една малечка самовила, која, како и децата во светот, не присуствуваше сè уште на забавите, ниту пак беше важна.

Исплашена, замолчи на момент, потоа го подигна убавото лиценце.

- Височество, сакав да побарам милост. Би ми дозволила ли да заминам со останатите?

- Што зборуваш?

- Да, си дозволувам многу, кралице. Но ти ветувам дека ќе бидеш задоволна од мене. Многу ги сакам човечките суштества и имам желба да им дадам малечок подарок. Дозволи ми да одам на земјата, те молам!

- Имаш голема желба, но што би можела да сториш, ако сè уште немаш волшебно стапче?... Имаш моќ на волшебничка, ама мала!

-Во исчекување на највисоката чест да го добијам стапчето од твоите раце на денот кога ќе наполнам осумнаесет години, би сакала да се обидам да направам некое добро дело! – прошепоти девојчето.

- Добро, во ред. Сакам да те испробам – рече замислено кралицата. Ќе заминеш во зори со твоите другарки.

Блескајќи од среќа, младата самовила, ја бакна раката на својата кралица и истрча лесно во нејзиниот проѕирен фустан.

Беше задоволство да се шета низ светот, невидлива за луѓето, набљудувајќи со восхит земји, кои никогаш порано не ги видела. Мимоза талкаше насекаде, се забавуваше влегувајќи во домовите, учествувајќи, незабележливо и во фамилијарниот живот.

Светот беше убав, но тажен во тоа сурово годишно време. Некои нешта особено ја замислија малата самовила како голите дрвја, гладните птички, градините без цвеќиња.

И таа се сеќаваше на својата волшебна Земја, каде што секогаш уживаше во опојната миризба!...

Една вечер, додека влегуваше во една куќа, виде девојки собрани за молитва, а потоа зачу една од нив како извикува: -Колку е тажно што нема цвеќиња за да ѝ подариме на Богородица!

Еден ден, на една ливада, виде едно дете, кое вознемирено бараше нешто, и потоа разочарано извика:

- Ни темјанушка, ни маргаритка!

- Треба да се почека пролетта! – го утеши мајка му.

Еден поет воздивнуваше гледајќи ги разголените растенија и ги повикуваше цветовите, кои го радуваа погледот и ја успокојуваа душата.

И тогаш Мимоза си рече: - Кога би можела да ја израдувам земјата и да им подарам цвеќе на девојчињата, на поетите и на децата!

Една ведра и студена ноќ, откако им се довери на ѕвездите, на ветрот и на високите дрвја, Мимоза си ја исече косата. Беше светло руса, мека и префинета, од која се ширеше нежен мирис. Девојката, создаде нови цветови од исечените прамени, ги собра во китки, додека морското ветре нежно ги галеше, ветувајќи дека нема да ги повреди. Растенијата, на кои таа ги прикачи цветовите, уживаа и треперат гордеејќи се радосно на укажаната чест.

Малечката самовила, која ја жртвуваше прекрасната бујна коса, насмеана ја чекаше зората и будењето на луѓето.

Какво ли весело будење!...

Зимското сонце, изгреа сјајно и им подари златен одблесок на растенијата, кои за чудо, беа расцветани. Децата извикаа: -Нови цветчиња! Изгледаат како топчиња од злато!

- Сончеви цветови! – извика поетот. И продолжи да пее. Пееше дека пролетта чука на портите испраќајки миризлив гласник.

А девојчињата направија букетчиња за да се дотераат.

Позлатените дрвја се чинеше како да шепотат:

-Имајте верба! Ќе се вратат светлите денови!... Како во животот, така и во годината. И зимата знае да подари насмевка. Уживајте во неа!

А ветрот, кој раскажува многу нешта, им го шепна на сите милото име на малата самовила, и токму тоа име му беше дадено на новото цвеќе.

Оттогаш, секоја година, во јужните краишта, расцутува мимозата среде јануари. И покрај привидната кревкост, не се плаши од невремето и студот, а во срцата побудува оптимизам и верба.